# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

NLB Тутунска банка

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3213 227 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk

Година II, број 8, 27 март 2009 година


Петта седница на Собранието на СЗПМ

## Во фокусот активности во интерес на пензионерите

*- Усвоени Извештајот за работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - Собранието и Извршниот одбор и нивните тела за 2008 година и Програмата за работа за 2009 година;*
*- Позитивното финансиско работење;*
*- Прифатен Правилникот за работата на Одборот на регистрираната организација за Солидарен фонд;*
*- На одделни седници Извршниот одбор за нов потпретседател го избра* ***Чедо Георгиевски****, а за секретар* ***Драги Аргировски***



Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на 16 март ја одржа петтата седница на која централна тема беше Извештајот за работата во минатата година и Програмските задачи за 2009 година. Со седницата раководеше претседателот **Душко Шурбановски**, а уводни забелешки даде потпретседателот **Чедо Георгиевски**, давајќи акцент на многуте значајни активности и на вложените максимални напори за решавањето на правата на пензионерите за што доминантна улога имаат органите на државата, како што е новата измена на Закон за ПИОМ, грижата за подобрување на животниот стандард, здравствената заштита, изградба на домови на пензионери и поголема грижа за старите лица за што беше потпишан Меморандум со ЗЕЛС и со Црвен крст на Македонија. Од година на година се чувствува се поголем интерес и за спортските натпревари, ревиите, културните самодејности, а на полето на информирањето во минатата година почна да излегува весникот „Пензионер плус", а беше отворена и веб–страница.





Потпретседателот Георгиевски укажа и на наредните програмски задачи, за потребата од поголема кохезија со здруженијата на пензионерите, за отворање нови клубови и центри за дневен престој на пензионери предвидено во програмата на Владата и друго.

Во дискусијата **Милорад Ристоски** се заложи да се изнајдат нови модуси и начини за подобра соработка со соодветните министерства и за организирање дебати за значајни прашања и проблеми. **Рамиз Казимовски** говореше за подобрување на методот на работата на Собранието на СЗПМ, за интерактивноста со здруженијата на пензионерите и за динамиката во работата, а **м-р Димитар Стојкоски** за позитивните финансиски резултати како материјална основа за нови активности. Претседателот на Надзорниот одбор **Трајче Стојанов** извести дека со домаќинско и рационално работење СЗПМ има заштедено средства што треба да ги намени како кредит за купување сопствени простории. Кон тоа се надоврза и **Петар Милановиќ** укажувајќи на потребата од натамошна грижа за секој денар, имајќи ја предвид светската економска криза. **Васко Калески** го нагласи квалитетниот скок во информирањето, и во соработката со локалната самоуправа за отворање клубови на пензионери. Пофалби за содржината и квалитетот на "Пензионер плус" изрази и **Нурие Кадриу**, како и за успешната работа на органите и телата на Сојузот и на Активите на жените–пензионерки. **Андон Марковски** ги истакна напорите за одржување средби на претседателите на здруженијата со ресорни министри за актуелни прашања, а **Јане Ташковски** напомна дека соработката со подрачните единици на Фондот на ПИОМ се одвива добро и дека се прават напори за воспоставување меѓународна соработка со пензионерите од граничните општини на Република Грција. **Асим Јусуфи** ја истакна меѓународната соработка на тетовските пензионери со Република Албанија и Република Косово и дека соработката со локалната самоуправа треба да биде на повисоко ниво. **Здравко Петковски** говореше за значењето на пензионерските спортски натпревари, а претседателот **Душко Шурбановски** ја нагласи акцијата со ЗЕЛС и со Црвениот крст за евиденција на состојбите на сите постари лица од 65 години и се заложи за реализирање на иницијативата СЗПМ да добие статус на повремен член на социјално–економскиот совет.







Членовите на Собранието на СЗПМ ја усвоија Одлуката за Завршната сметка за 2008 и Финансискиот план за 2009 година, а ги прифатија и Правилникот за работата на Одборот на регистрираната организација за Солидарен фонд и Спогодбата за начинот и постапката за вршење задршка при исплата на пензија за Солидарниот фонд – посмртна помош и членарина и исплата на посмртната помош на семејствата на починат пензионер.

На оваа седница Собранието ја измени и Одлуката за условите и постапката за прием во членство на СЗПМ. Без посебни услови може да се примат новоосновани здруженија на пензионери во општините во кои досега нема самостојно здружение, додека паралелни здруженија може да се формираат со најмалку 3.000 членови со пристапница и други услови. За нови членови на СЗПМ беа примени Здружението на пензионерите од Општината Шуто Оризаре и Здружението на пензионерите од Тафталиџе ДДД – Скопје.



Фото: Илија Глигоров

За нови членови на Извршниот одбор едногласно беа избрани Гафур Салиу и Драги Аргировски, кој на седницата на ИО беше избран за нов секретар.

**Д. А.**

**ВО ОВОЈ БРОЈ...**


***ДВЕ СЕДНИЦИ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР НА СЗПМ***
**ПОЗИТИВНИ ОЦЕНИ ЗА РАБОТАТА И АКТИВНОСТИТЕ** стр. 2

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА - НА СОБРАНИЕТО, ИЗВРШНИОТ ОДБОР И НЕГОВИТЕ ТЕЛА ЗА 2008 ГОД.** стр. 4

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР НА СОБРАНИЕТО НА СЗПМ ЗА 2009** стр. 5

ОТЧЕТИ стр. 6

ХРОНИКА стр. 7

СРЕДБИ стр. 9

КУЛТУРА стр. 10

ЗДРАВСТВО стр. 12

ПАНОРАМА стр. 13

ЗАБАВА стр. 15

АНКЕТА стр. 16



**Примајте ја Вашата пензија преку Сребрен пакет во НЛБ Тутунска банка**




Две седници на Извршниот одбор на СЗПМ

# Позитивни оцени за работата и активностите

*- Разгледана Завршна сметка за материјално финансиско работење за 2008 и Финансиски план за 2009 година*
*- Поради здравствени причини усвоена оставка на потпретседателот на ИО на СЗПМ Андон Марковски*

Во деновите пред одржувањето на седницата на Собранието на СЗПМ Извршниот одбор одржа две седници со кои раководеше претседателот Душко Шурбановски.

Извршниот одбор 13–тата седница ја одржа на 26 февруари со главна точка од дневниот ред разгледување на завршна сметка за минатата година со преглед на планирани приходи и остварени расходи за период 1 јануари до 31 декември 2008 година за што се разви и опстојна дискусија.

**Трајче Стојанов**, претседател на Надзорниот одбор на СЗПМ, откако истака дека средствата се користени наменски, го пофали домаќинското работење во СЗПМ и ја истакна заложбата со вишокот на средства да се создадат услови за купување на сопствени простории. **Нурие Кадриу** го пофали домаќинското работење и ја истакна потребата од поголеми дружење и соработка. **Никола Лафчински** постави прашање зошто се плаќа данок на добивка од членарина и предложи тоа прашање стручно да се проучи и прецизира. **Васко Калески** ја прифати завршната сметка како сеопфатна и дека треба да се поведе иницијатива законодавецот да го ослободи СЗПМ и здруженијата од плаќање данок на членарина, бидејќи членарината не е добивка. **Бесник Поцеста** ја прифати Завршната сметка и оцената на Надзорниот одбор, но постави прашање за зголемените трошоци на Правно–економскиот совет. Како непрофитна организација СЗПМ средствата од делот на членарината треба да ги користи наменски и плански и за натамошно успешно информирање на членството и пошироко. **Душан Пересаки** напомна дека завршната сметка е стручно изработена и прифатлива.Вишокот на средства не треба да биде на сметка на активностите и на хуманитарните дејности, а е потребно да се помагаат и помалите здруженија. **Никола Николовски** објасни дека Правно економскиот совет имал поголеми активности, бидејќи минатата година беше специфична поради донесувањето на новиот Закон за ПИОМ со прашањето на Солидарниот фонд. **Мирослава Петровска** рече дека домаќинското работење е за поздравување и дека се забележуваат намалени трошоци за исти активности во споредба со предходната година. **Чедо Георгиевски** истакна дека некои работи се завршени подобро со помали трошоци, а ваквото работење треба да продолжи и натаму, бидејќи во 2009 година трошоците ќе се зголемат и со финансирањето на активностите на со закон формираната регистрирана организација за Солидарниот фонд и членарината. **Драги Аргировски** објасни дека планираните средства во контото за Комисијата за информирање се зголемени, бидејќи се преземени и трошоци за Издавачкиот совет на весникот „Пензионер плус", кој почна редовно да излегува од јули 2008 година, без планирани средства за таа намена. **Павле Спасев** нагласи дека заштедата е добра и дека треба да се настојува за откуп на работни простории на СЗПМ и дека нови заштеди можат да се добијат и во други дејности. **Рамиз Казимовски** изрази пофалби за рентабилното работење во СЗПМ, со предлог еднаш годишно да се одржува заедничка седница на Извршниот и Надзорниот одбор, со согледувања за тоа колку се почитува Статутот. **Андон Марковски** истакна дека домаќинското работење значи и да се има средства во резерва, а мора да се води сметка и за киријата за просторот што се користи во зградата на ССМ. Средства за одредени активности здруженијата на пензионерите треба да обезбедуваат од локалната самоуправа во духот на потпишаниот Меморандум со ЗЕЛС.

**Со усвојување на Завршната сметка за 2008 година, се донесе и заклучок Правно-економскиот совет да покрене иницијатива за измени на Законот за даноци, приходите и трошоците од членарината да не се оданочуваат.**

Извршниот одбор ги разгледа и предлог Правилникот за работа на Одборот на солидарниот фонд за посмртна помош и средствата за членарина на здруженијата на пензионерите на Македонија и предлог Спогодбата помеѓу СЗПМ и ФПИОМ за регулирање на меѓусебни обврски во врска со солидарниот фонд и членарината.

На оваа седница Извршниот одбор на СЗПМ ја прифати неотповикливата оставка на потпретседателот Андон Марковски поради здравствени причини.

Претседателот Шурбановски и членовите на Извршниот одбор му изразија благодарност на Марковски за долгогодишна успешна соработка.

На 12 март Извршниот одбор одржа нова, четиринаесета седница по ред, на која за нов потпретседател на ИО на СЗПМ едногласно беше избран Чедо Георгиевски, досегашен секретар.

Опстојна дискусија се водеше по Извештајот за работа на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија –Собранито, Извршниот одбор и нивните тела во 2008 година и по Програмата за работа на Извршниот одбор на СЗПМ за 2009 година. Во уводните напомени на Чедо Георгиевски и дискусијата на Душко Шурбановски, Бесник Поцеста, Павле Спасев, Илија Трајанов, Нурие Кадриу, Васко Калески, Асим Јусуфи, Љупчо Јанев, Љубомир Наумовски, Арсен Илиевски, Дорче Крстевски, Никола Лафчински, Андон Марковски, Драги Аргировски, Мирослава Петровска и Доне Тодоровски, се оцени дека и двата документи се сеопфатни и даваат реална слика на активностите и на наредните задачи.

**Д. Аргировски**

Девета седница на Собранието на Здружението на пензионерите „Центар" – Скопје

# Во согласност со програмските задачи

Собранието на Здружението на пензионерите од скопски „Центар" под раководство на претседателот д–р Крсте Ангеловски, на 27 февруари ја одржа деветтата седница на која беше усвоен извештајот за работата на здружението во минатата година со позитивна годишна сметка на приходи и расходи, а беа прифатени и Финансикиот план и Програмата за работа во 2009 година.

Во врска со остварувањата и програмските задачи пригодно уводно излагање имаше **Павле Спасев**, претседател на Извршниот одбор, истакнувајќи дека програмските и другите активности се остварени во рамките на предвидувањата и расположивите средства и дека секогаш се водело сметка за домаќинско и економично работење. Според Спасев, позитивните резултати даваат гаранција за натамошна збогатена активност во интерес на што поголем број пензионери преку организирање екскурзии, поголемо користење на Рекреативниот центар во Катланово и остварување подобри резултати во спортските натпревари и во културно–забавниот живот. Ја истакна и потребата од поголема соработка со локалната самоуправа, особено за создавање услови за подобро функционирање на осумтте ограноци.

Образложувајќи го извештајот на Надзорниот одбор за материјално–финансиското работење во 2008 година, претседателката на овој одбор Елена Мојсова нагласи дека не се забележани неправилности, додека Александар Каровски и Киро Томовски истакнаа дека и без простор ограноците имаат активности, но тие ќе бидат поголеми доколку се реши овој проблем. За отворање нови клубови за дневен престој на пензионерите се заложи Јордан Арсовски, а за поосмислено организирање на екскурзиите Ѓорѓи Чурлинов, додека Спиро Николовски ги истакна успесите во спортските активностите, но и потребата од утврдување на потребна динамика на престојните регионални спортски натпревари, на кои домакин ќе биде Здружението на пензионерите од општина Центар.

Поздрави за успешна соработка упатија Момчило Марковски и Душан Пересаки, а претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** ја истакна потребата од изготвување на анализа за остварување на целите на пензионерската организација во нашата земја и за зболгатувањето на квалитетот на живеење. Се задржа и на проблематиката на Солидарниот фонд со оцена дека новиот законски систем е прифатлив и дека во соработка со Фондот на ПИОМ тој треба да се усовршува.

**Д.А.**

Годишно Собрание на ЗП Охрид и Дебрца

# Во тешка година, добри резултати

Во присуство на претседателот на СЗПМ Душко Шурбаноски, градоначалникот на Охрид Алексндар Петрески, на Дебрца Лупчо Којчиноски, претседателот на Советот на општината Охрид, Владо Чингоски и делегатите на СЗПМ од Охрид Васко Калески и Анастас Иваноски, кон крајот од февруари, Собранието на ЗП од општините Охрид и Дебрца го одржаа годишото редовно Собрание на кое едногласно беа прифатени Извештаите за работа на ЗП во минатата 2008 година.

Во фокусот на вниманието беа Годишниот извештај за работа на органите и телата, Програмата за работа во 2009 година ,Годишната сметка за материјално–финансиското работење и извштајот и Програмата за работа на Клубот на пензионерите. Исто така, едногласно беше прифатен пречистениот текст со измените и дополнувањата на Статутот на ЗП, како и други Одлуки од тековното работење.

Кус осврт за работењето на ЗП Охрид и Дебрца во 2008 година, поднесе претседателот на Извршниот одбор на ЗП **Ѓорѓи Трпчески**, напоменувајќи дека иако во минатата година се работело во тешки услови, резултатите од работењето и Годишната сетка се позитивни. Минатата година, напомна Трпчески, беше турбулентна по промените што настанаа со Солидарниот фонд, ограничениот прилив на средства, ненавремената исплата на членарината и општата тешка економска состојба во државава која се одрази и кај сите здруженија.

Пофални зборови за успешното работење на ЗП искажаа Ѓурица Ристески, Васко Калески, Маринела Јовановиќ, Зоре Мицкоски, Анастас Иваноски, Владо Чингоски и Градоначалникот на Охрид Алексндар Петрески, кој се заложи за уште подобра соработка со локалната самоуправа и за изградба на современ Дом на пензионери.

Претседателот на СЗПМ Душко Шурбаноски,потсети на неопходноста од потпишувањето на Спогодбата за соработка на ЗП со Локалната самоуправа во градовите,кои ја регулираат материјата за поголема вклученост на пензионерите во органите,телата и комисиите,Управните одбори во Јавните претпријатија и другите органи на Општините, со што можат да придонесат за поквалитетна и поголема заштитата за старите лица.

**К. Спасески**

Собрание на Здружението на пензионерите во Прилеп

# Со рационално работење до поголеми успеси

Здружението на пензионерите од Прилеп со своите активности се вбројува меѓу најдобрите во нашата земја. Ова беше констатирано и на седницата на Собранието на Здружението што се одржа на 26 февруари на која покрај завршната сметка беа разгледани и усвоени извештаите на Комисиите за културно-забавен живот, за одмор и рекреација, за спорт и за здравство и социјала, како и за работата на Секцијата на жени пензионерки.

Во воведното излагање претседателот на Здружението **Пандо Бачаноски** се задржа на актуелните прашања во остварување на целите и задачите на пензионерската организација и на активностите на Извршниот одбор и Собранието, на постигнатите резултати во соработката со локалната самоуправа за отворање нови клубови на пензионери, за хуманитарните акции, за системот на информирањето и друго.

Планираните активности со финансискиот план се остварени во целост со тоа што Културно–уметничките друштва "Пензионер" и "Пенка Котеска" во минатата година имаа 15 настапи со успеси на Регионалната ревија во Кичево и на културно-уметничката манифестација „Пензионерите пеат". Посетени се и повеќе театарски претстави на Народниот театар „Војдан Чернодрински" во Прилеп, а беа организирани и неколку екскурзии за над илјада пензионери од сите ограноци.

Задоволителни резултати се постигнати и на спортските натпревари, а богата активност оствари и Секцијата на жени пензионерки.

Позитивната финансиска положба обезбедува сигурност и стабилност во работата и во новата 2009 година.

**М-р Д.Стојкоски**

Проширена седница на Собранието на Здружението на пензионерите во Гостивар

# Успешно остварување на програмските задачи

Во Домот на пензионерите „Цвет" во Гостивар на 14 март се одржа проширена седница на Собранието на Здружението на пензионерите на која се усвои извештајот за работата во минатата година и завршната сметка на приходи и расходи, како и Програмата за работата во 2009 година со финансискиот план.

Во уводното излагање што го поднесе **Нијази Џелили**, претседател на Здружението, посебна нагласка беше дадена на актуелните прашања од делувањето на оваа непартиска и невладина мултиетничка организација за доследна и целосна примена на правата на пензионерите, на успешното остварување на програмските задачи, на домаќинското работење и друго. При тоа ги истакна и постигањата во организирањето на екскурзии, на одмори и рекреација, како и на спортските натпревари и ревиите, а говореше и за значењето на „Пензионер плус" и за потребата од продолжување на издавањето на локален пензионерски Билтен на македонски и албански јазик.

Во дискусијата Најдо Ристоски, Милош Трпески, Витко Огњаноски, Исмаил Реџепи, Дуке Кироски, Анде Стефаноски, Ајредин Исмаил и Намик Арслановски во целина ги поздравија постигнатите успесите, но ја потенцираа и потребата од подобро функционирање на клубовите на пензионерите во Гостивар и Жировница, за помош на стари и изнемоштени лица, за создавање подобри услови за работа на ограноците и слично.

Во контекст на тоа зборуваше и Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ, а информираше и за работата на Одборот на регистрираната организација за Солидарен фонд и укажа на значењето на соработката со Фондот на ПИОМ и на потребата од ажурирање на евиденцијата на членството.

**Д.А.**

NLB Тутунска банка

# NLB Тутунска банка

**Сојузот на здруженија на пензионери во соработка со НЛБ Тутунска банка, АД. Скопја овозможува за своите членови кобрендираната**

## платежна картичка ПЕНЗИОНЕР Плус




**Преку користење на оваа картичка, пензионерите можат да ги користат следните поволности:**

- Плаќање на 3, 6,9 и 12 рати без камата на сите продажни места на кои се примаат MasterCard платежните картички.
- Можност за плаќања во износ до вкупно три пензии - исплатената месечна пензија плус две лимит.
- Повисоки каматни стапки од основните за традиционално штедење во ЕУР и МКД за орочен депозит на 6 и 12 месеци.
- 20% пониски провизии за одобрување на потрошувачки кредит во висина до 300.000 денари за корисници пензионери.
- Без провизија за плаќање на продажни места, како и без провизија при подигнување готовина од банкомати на НЛБ Тутунска банка во Република Македонија, Црна Гора, Словенија, Србија, Босна и Херцеговина и Косово.
- Загарантирана исплата на пензија на првиот работен ден од секој месец.

***и тоа не е сè !***

## ПОСЕБНИ ПОПУСТИ САМО ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ:

1. **Фиксна телефонија** - попусти на претплата - посебни кориснички пакети, опрема и интернет за корисниците пензионери.
2. **Техничка стока** за домаќинства - шпорети, фрижидери, телевизори итн. со попусти од преку 4% за плаќања со Пензионер плус картичка.
3. **20% попуст** на цена за технички преглед на сопствено патничко возило во подружниците на АМСМ - Авто мото сојуз на Македонија.
4. **Попусти од преку 4%** од цената при купување на
5. **Посебно поволен тарифен модел** за пензионери за мобилна телефонија, како и повластена набавка на мобилни апарати.
6. **Попусти до 10%** на цена на мебел за домаќинства.
7. **Попусти од преку 7%** за авионски билети.
8. Користење на **пензионерскиот попуст од 30%** за билети во Македонски железници.
9. Попуст на цена за **Лекарски уверенија** за пензионери - возачи.
10. Попусти за користење **здравствени услуги** во приватни здравствени установи - прегледи, лабараториски испитувања, специјалистички прегледи и друго.
11. Попусти при посета на **културни настани** во објекти со кои управува Министерството за култура.
12. **Набавка на патнички возила** со попуст од преку 7% од

**ИЗВЕШТАЈ**

# За работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - на Собранието, Извршниот одбор и неговите тела за 2008 год.

Работата на органите и телата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во 2008 год. главно се засноваше на трајните, долгорочните програмски и статутарни определби преточени во програми за конкретни активности во оваа година.

Собранието својата трета седница ја одржа на 27. февруари 2008 год. Тоа расправаше за Извештајот за својата работа и за работата на Извршниот одбор и неговите тела во 2007 год. Тоа констатираше дека се реализирани сите програмирани работи кои зависеле од нас и оцени дека се вложувани максимални напори за решавање на прашања каде што доминантна улога имаат државните органи – Собранието, Владата, министерствата за труд и социјала, за здравство, за финансии; ФПИОМ и др. за да се добијат поволни резултати. Тоа што не секогаш е остварено а се сакало не е наша вина (во областа на законската регулатива, учество и присуство на наши претставници во управни и др. органи или во расправи по прашања важни за пензионерите) и не се оценува како наша субјективна слабост или одбегнување од ангажирање. Природно е секогаш да се бара повеќе, да не се задоволува со постигнатото, но треба да се биде и објективен во проценките. Во такво светло Собранието го прифати Извештајот за 2007 год.

Програмата за работа за 2008 год. Собранието ја оцени како соодветна на нашите долгорочни и конкретни определби и потреби и нагласи дека очекува нејзина реализација во максимално можна мерка, соодветна на нашите субјективни сили и објективни можности.

Собранието усвои и Годишна сметка на СЗПМ за приходи и расходи за 2007 год. (завршна сметка) и Финансов план за приходи и расходи за 2008 год. и донесе соодветни Одлуки за тоа. За финансово–материјалното работење во претходната година оценето е дека се постапувало дисциплинирано и, така да се каже, економично и домаќински, а за планот за 2008 год. дека е можно и реално да се оствари.

На оваа седница се изврши и прием на нова членка на Сојузот – Здружението на пензионерите од Општина Сарај бидејќи ги исполнува пропишаните услови во Одлуката за прием на здруженија на пензионери во СЗПМ. Исто така, беше верифициран мандатот на Руфат Рамадани, делегат од новопримено то здружение за член на Собранието.

Четвртата седница на Собранието се одржа на 15.12.2008 год. Таа беше целосно посветена на подготовките и создавањето на што поповолни општи и конкретни услови и можности за спроведување на новите мерки што произлегоа од новоусвоените промени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување усвоени пред десетина дена и објавен во „Сл. весник" на РМ бр. 152 од 5.12.2008 год.

Покрај општата расправа имаше и разгледување на Спогодбата за утврдување на регистрираната Организација на сојузите на пензионерите на Македонија, четири на број, која требаше да биде нормативна основа за натамошна примена на новите мерки. Текстот на Спогодбата беше усвоен и донесен заклучок Спогодбата да се даде и на другите три сојузи на разгледување и на усвојување.

Собранието усвои и предлог според кој врз основа на Одлуката на Одборот на регистрираната Организација, доколку биде прифатена и од другите сојузи, во иднина за Солидарниот фонд да се одредува месечна задршка од 120 денари, а за членарина 20 денари.

Собранието за членови на идниот Одбор на регистрираната Организација ги избра Душко Шурбановски, претседател на Собранието на СЗПМ; д–р Крсто Анѓеловски, претседател на Градскиот сојуз на пензионерите на Скопје; Димитрија Богатиновски, претседател на Извршниот одбор на Собранието на Здружението на пензионери „Кисела Вода" – Скопје и Љупчо Наумовски, претседател на Комисијата на ИО на СЗПМ за солидарен фонд. Се предложи Одборот при конституирањето за прв претседател да го избере Душко Шурбановски. Собранието беше известено дека другите три сојузи ги предложиле за членови на Одборот своите претседатели и тоа: Крсто Цанев од Сојузот на инвалидите на трудот; Гидо Бојчевски од Сојузот на здруженијата на инвалидите на трудот и корисниците на инвалидска пензија и Димитар Зарков од Сојузот на инвалидските пензионери на Македонија.

На седницата беа разменети информации и сознанија во врска со доставувањето на пензиите во иднина преку Поштата и деловните банки во Републиката со цел да се изберат најповолни услови за пензионерите и да се надминат колку што е можно повеќе неповолностите кои ќе се јават во практиката.

Извршниот одбор во 2007 год. одржа шест седници. На нив се поставени 35 прашања како посебни точки. Разгледани се повеќе извештаи, планови, информации, програми, иницијативи; меморандуми, донесени се повеќе одлуки за конкретни прашања, усвоени се одделни заклучоци и ставови, формирани се различни работни тела, организациони и други одбори и сл. Извршени се обраќања по одредени прашања до одделни државни субјекти, политички партии и коалиции, пратенички групи.

И во оваа година, доминантно прашање, или подобро речено, проблем, беше практицирањето на Солидарниот фонд. Не толку по своето фактичко значење (кое, впрочем, не е мало) колку по се она што предизвика како интерес, ангажирање, барање, нервози, политизирање и што уште не. Во декември, се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и се објави во Службен весник на Македонија бр. 153 од 20.12.2007 год. Со тоа се отвори едно море проблеми: објаснување на практичната примена на средствата собрани а не потрошени за давање посмртнина на семејствата на починат пензионер од сметките на здруженијата на збирната сметка при ФПИОМ; смирување на нервозната состојба во здруженијата; пронаоѓање начин за задршка и исплата на членарината преку СЗПМ, средување на бројната состојба во здруженијата на инвалидските пензионери „расфрлани" по старосни, инвалидски и други здруженија (т.н. трудови инвалиди); утврдување разновидни односи во постојните сојузи на пензионери во Републиката и друго.

Веднаш по објавувањето на Законот отпочна период на поднесување барања за поведување постапка за утврдување неуставност на Законот пред Уставниот суд на Република Македонија. Барања поднесоа СЗПМ, речиси сите здруженија на пензионери и поединци. Уставниот суд поведе постапка по тие 50–тина барања и на 17. септември 2008 год. донесе Одлука за укинување на оспоруваните членови. Тоа пак, создаде услови за поведување процес на донесување предлог за нови промени и дополнувања на Законот па така, по многу натегања, со заедничка работа со Министерството за труд и социјала, преку соодветни тела на Владата, и конечно по расправа на посебна седница на Владата, пред Собранието се најде предлог на измените и дополнувањата на Законот за ПИОМ кој се усвои и се објави во Службен весник на Р Македонија бр.152 од 5.12.2008 год.




Тоа пак, од своја страна, отвори многу прашања кои започнаа да се решаваат уште веднаш заради отстранување и средување на многубројни проблеми од материјално–финансиска, правна, организациона и друга природа.

Во текот на годината уште две други прашања беа многу присутни во СЗПМ. Едното се однесуваше на барања на раководните луѓе од Здружението на пензионерите „Карпош" за промени во раководната структура на СЗПМ и во самото Здружение, а другото се однесуваше на средување на состојбите со членување на пензионерите во различни здруженија; барања за формирање нови здруженија односно одвојувања (уситнувања); барања прием на одделни здруженија во СЗПМ; средување на состојби во трите други сојузи на пензионерите и нивните однесувања кои се одразија врз односите меѓу нив и СЗПМ и сл.

Интензитетот на расправите по овие прашања зависеше од развојот на состојбите во здруженијата. По првото прашање се водеа (и уште се водат) дури и судски расправи за оправданост, заснованост, законитост, статутарност и сл. и не се завршени, па како такви ќе се пренесат и во 2009 год. Тоа само по себе создаваше неповолна клима и неповолни состојби во работата, постојана очекуваност на конечна разврска (судски решенија, конечни регистрации во Централниот регистар), потреба од конкретни кадровски измени (отповници, делегирања, избори и сл.) итн. Се настапуваше и мотивираше со образложенија дека тоа е во интерес на Сојузот а завршуваше со себепредлагање како најдобри решенија (по кадровска оспособеност, човечност, честитост, имуност на слабости по основа на коруптивност и непочитување на прописи, принципи и правила и сл). Се бараа истомисленици кај други здруженија заради поддршка и заеднички настап, но не се најдоа. Публиска расправа не се отвори ни во рамките на Извршниот одбор ни пред Собранието заради погоре посочените исчекувања на одлуките на судските и другите органи. Но, сепак расправа имаше пред нашиот Правно–економски совет. Неговите конечни сугестии беа да се причека завршувањето на судските и другите процеси.

По второто прашање исто така работите не се окончаа. Останаа отворени прашања по основа на тоа колку и кои пензионери членуваат во одделни здруженија на старосни и инвалидски здруженија; какви износи на членарина да се исплаќаат на одделни здруженија и по која основа; на кој сојуз по природа на својата определба и статус му припаѓаат одделни здруженија и сл. Отпочнати се обиди за конечно средување во рамките на Сојузите; Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ), Сојузот на инвалидите на трудот на Македонија (СИТ), Сојузот на здруженијата на трудот и корисници на инвалидска пензија на Р Македонија (СЗИТ– КИП) и Сојузот на инвалидите на пензионери на Македонија (СИПМ).

Секогаш актуелното прашање – зголемување на пензиите и во 2008 година беше во фокусот на вниманието на пензионерите. Најавата што во врска со зголемувањата доаѓаа на почетокот на годината и по летните вонредни избори ја одржуваа тензијата. Навистина имаше зголемување двапати: прво, по основа на усогласување на новата формула 50:50 (по основа на зголемени трошоци на живот и поради зголемување на платите) што го имавме во јануари и јули и по основа на зголемување од буџетот, т.н. Владино зголемување. Пензионерите немаат ништо против зголемувањата по која било основа да доаѓаат бидејќи тоа колку–толку ја подобрува нивната финансиско–материјална состојба.

Постојаните промени во областа на здравството и здравственото осигурување и понатаму, настојувавме постојано да го актуелизираме прашањето на враќањето на состојбата од порано – ослободување од партиципација за деца до 7 години и лица постари од 65 години. Секако ова прашање ќе се провлекува долгорочно, бидејќи во врска со него има постојано разлики во мислења. Не непомали дискусии предизвикуваше и состојбата со лекарствата – менување на содржината на позитивната листа на лековите, различните цени на лековите (слободни, референтни); обврзаност на имање рецепти, можност за набавка, снабденост на аптеките и сл

Нашата Комисија за здравство постојано ја следеше состојбата и настојуваше со своите укажувања и аргументирани становишта да придонесе одделни состојби во промените во здравствената сфера да одат во полза на здравјето и на повозрасните категории, што ќе рече и на пензионерите. Не се пропушташе да се потсети на потребата од подобрување на многубројната и на просторната покриеност со амбуланти и аптеки, нарочно во руралните средини, можности за користење на современа медицинска техника односно апаратура, брза помош и друго.

Како и порано така и оваа година Извршниот одбор организацијата и реализацијата на програмираните спортско–рекреативни активности им ги довери на Организациониот одбор, формиран за таа цел и Комисијата за спорт и рекреација. Главниот дел на овие активности беа XIII–те Пензионерски спортски игри и натпревари. Подготовките за нив отпочнаа уште во мај, кога се создаваа екипи – поединци и тимови на здруженијата за регионалните натпревари во јуни. Такви регионални натпревари се одржаа во осум региони, кога и се добија учесниците за републичките XIII по ред игри. На регионалните натпревари учествуваа околу 1300 непосредни учесници, натпреварувачи. Тие се натпреваруваа во девет дисциплини: трчање, фрлање ѓуле, скок од место, тегнење јаже, стрелаштво, шах, пикадо, табла и домино, вкупно девет.

XIII–те Републички пензионерски игри – натпревари, се одржаа на 6. септември 2008 година во Радовиш. Покровител на Игрите беше Тутунска банка – Скопје претставувана од госпоѓа Валентина Топлева. Домаќините ги претставуваа градоначалникот на Општина Радовиш д–р Роберт Велков и претседателот на Здружението од Радовиш Јован Ефтимов, а СЗПМ Душко Шурбановски, кој наедно беше и претседател на Организациониот одбор (други членови беа: Андон Марковски, потпретседател на ИО СЗПМ; Чедо Ѓеорѓиевски, секретар на ИО СЗПМ; Јован Ефтимов, претседател на Здружението на пензионери од Радовиш; Илија Трајанов, член на ИО СЗПМ и Здравко Петковски, претседател на Комисијата за спорт на ИО СЗПМ).

На игрите учество зедоа 41 здружение на пензионери. Непосредни учесници, натпреварувачи беа 364, од кои 192 мажи и 172 жени а индиректни 436 или вкупно 800. Интересот беше голем но мораше да се ограничи бројот поради просторни причини. Победници на Игрите беа спортистите на Здружението на пензионерите од Куманово. За Игрите е издаден специјален билтен.

Игрите, спортот воопшто, се добро прифатени од пензионерите, членството практикува вакви активности и надвор од натпреварувачките дисциплини. Одделни здруженија во своите програми и конкретни изведби имаат кросеви, велосипедски возења, пешачки походи, планинарски активности и др. Но тоа сè уште е во помала мера од очекуваното и најавуваното. Сепак радува тоа што сè почесто се говори за нови активности во здруженијата.

Изминатата година беше богата со културно–забавни активности. Главно ангажирањето беше насочено кон реализацијата на Програмата за ревиски настапи на пензионерите на вечери на песни, игри и музика. За таа цел Извршниот одбор ги задолжи Огранизациониот одбор (во состав Душко Шурбановски, Андон Марковски, Чедо Ѓеорѓиевски, Душан Перески – Гази Баба, Јован Ефтимов – Радовиш, Стојан Станковски – Кичево, Драгиша Јовановиќ – Гевгелија и Ѓорѓи Серафимов – Кочани) и Комисијата за културно–забавниот живот да преземат потребни активности на „терен" што тие и го направија и оранизираа пет регионални ревии на песна, музика и игра и тоа во Радовиш, Кичево, Гевгелија, Кочани и Гази Баба во Скопје.

1. Во Радовиш, во Центарот за култура на 27. јуни 2008 година настапија здруженијата Злетово, Кратово, Лозово, Пробиштип, Штип и домаќинот Радовиш.

2. Во Кичево, во Домот на културата на 28. јуни 2008 година настапија здруженијата Демир Хисар, Крушево, Охрид, Прилеп и домаќинот Кичево.

3. Во Гевгелија, во Домот на пензионерите, на 11. јули 2008 година настапија здруженијата Богданци, Валандово, Велес, Кавадарци, Неготино, Струмица и домаќинот Гевгелија.

4. Во Кочани во Центарот за култура „Бели мугри", на 10. септември 2008 година настапија здруженијата Берово, Виница и домаќинот Кочани.

5. Во Скопје во салата на ресторанот „Ханибал", во М.А. Ченто – Гази Баба, настапија скопските здруженија домаќинот Гази Баба, Ѓорче Петров, Сарај, Карпош, Кисела Вода, Чаир и здруженијата од Гостивар, Куманово и Тетово.

На ревиите настапија 30 здруженија со околу 500 директни изведувачи – градоначалници или претседатели на советите на локалната самоуправа со што се потврдија претпоставките дека пензионерските активности со интерес се следат.

Општ впечаток е дека од година во година се чувствува поголем интерес за овие дејности. Се зголемува бројот на директни учесници. Се пее на повеќе јазици што потврдува дека интересот се шири. Видливи се новини во носии. Имаме нови изворни македонски, албански, турски, влашки песни. Но сè уште останува незадоволството што голем број здруженија не учествуваат на ревиите. Цениме дека за тоа виновен е субјективниот фактор односно раководствата на здруженијата. Очекуваме во здруженијата што апстинираат да ја менуваат оваа состојба. А апстинираа следните здруженија: Дебар, Делчево, Крива Паланка, Лабуништа, Македонски Брод, Македонска Каменица, Ново Село, Пехчево, Ресен, Св. Николе, Стар Дојран, Струга, здруженијата на инвалиди од Велес, Кавадарци, Охрид и Прилеп и скопските здруженија ОВР и Центар.

И за овие активности има издадено билтен.

За пофалба е што во некои здриженија се прават успешни обиди да се излегува надвор односно пред јавноста во своите градови и села, во други здруженија, па дури и надвор од земјата. На пр. одредени здруженија станаа постојани учесници на некои фестивали на народни песни, ора и инструменти („Илинденски денови", Долненскиот фестивал и сл.) – Пробиштипското и Кумановското здружение, на фестивали и концерти надвор од земјата, во Бугарија, Србија и Албанија.

Се шири бројот на здруженијата во кои се приредуваат поетски средби, конкурси на прозни и на поетски творби, почнаа и драмски обиди (Куманово); се помагаат со донации и печатења на книги на пензионери и др. Сето тоа говори дека инвенцијата во оваа област предизвикува и активности за кои до пред некое време не ни говоревме, дури и не помислувавме.

Многу популарни и оваа година беа туристичките патувања, посети и екскурзии поврзани со одделни места, спомен–белези или места интересни по нешто друго. Така пензионерите остваруваат некои нереализирани а посакувани желби од порано да видат, да про–

шетаат, лично и физички да доживеат, да научат, да се потсетат... Штета е што овие дејности не можат да опфатат поголем број пензионери.

Овогодишните активности на активите на жените во голема мера се карактеризираа со програмска насоченост, барем кога е збор за организирани средби во одделни места, усвоена минатата година од претставнички на сите активи. Така, годинашниве средби добија и на содржина, се избегнаа поранешните гломазни групирања и дуплирања. Инаку, во програмата на повеќето здруженија и годинава беа застапени осмислени културно–просветни, едукативни дејности – конкурси, предавања, изложби, средби со повод и со натпреварувачки карактер и сл.

Очекувањата дека во 2008 г. ќе има поблиска соработка со бројни субјекти не се реализираа со бараниот интензитет, содржина и континуитет. Имавме помалку контакти со државните органи – Владата и Собранието а нешто повеќе со Министерството за труд и социјала и ФПИО, но не и со задоволувачки резултат. Главно контактите беа мотивирани и врзани за состојбите што ги предизвикуваше спроведувањето на Законот за ПИО – навремена исплата на посмртнини, задршки за солидарна помош и членарина, преведување на дел средствата на Здруженијата и на Сојузот и времето на исплатите, утврдување на бројноста на членството во здруженијата, нарочно во другите три сојузи и друго.

Предност имаше одразот и на соработката со здруженијата бидејќи и тие беа отворени и психички и материјално со новосоздадената состојба. Инаку со здруженијата остварувавме стандардна соработка преку присуство и учество на состаноци, пишани материјали, средби по конкретни поводи, размена на информации и сл. Не успеавме да оствариме повеќе контакти на ниво на средби со сите претседатели – претставници на собранијата и на извршните одбори на здруженијата.

Според нашите сознанија здруженијата остварија подобра меѓусебна соработка и тоа е за поздравување бидејќи придонесува за размена на искуства, за примена на активности прифатени од членството, за зближувања на луѓето, чувство на заедништво и други позитивни ефекти.

Соработката на нашите здруженија со организации на пензионери од други земји не се прошири освен што ја оствари Тетовското и Дебарското здружение со соседи од Албанија, Охридското со Стара Загора од Бугарија и Поградец – Албанија, и Кумановското со пензионерите од Врање, Зрењанин, Јабука и Качарево од Србија и со пензионерите од Софија и Пловдив.

Во 2008 година остваривме нов вид на квалитетна соработка. Склучивме неколку меморандуми и спогодби за соработка од кои очекуваме корисни ефекти. Такви се оние со ЗЕЛС – Заедница на единици на локална самоуправа на Македонија, со Автомото Сојуз на Македонија, со организацијата „Проект – Развој на Македонија“, со Црвен крст на Македонија, со Цивилна управа за заштита на Македонија, со „Саравита“ – Охрид и со „Зегин“ – Скопје. Ефекти од овие меморандуми и спогодби сè уште не се многу видливи, но веќе се остваруваат и ветуваат.

И во оваа година продолжи соработката со МТВ преку емисијата „Трето доба“ која, за жал, потешко беше следена поради термините за репризи па и за директната изведба. Годинава имаше настапи и на А1 телевизија што беше добро оценето и од наша и од нивна страна и што може да биде добра основа за идна соработка.

Меѓутоа престана да излегува прилогот во „Нова Македонија“ – Пензионерски видици по 3,5 години. Во некои здруженија се продолжи со издавање на информативни билтени (Куманово, Гази Баба, Кочани, Охрид, Кисела Вода, Струмица, Центар – Скопје) или информации преку огласни табли и во ограноци или во локални весници и други медиуми (Велес, Кавадарци, Тетово) и други специфики што придонесуваше за подобра информираност на пензионерите од овие средини.

Од месец јули почна да излегува „Пензионер плус“, месечен весник на Сојузот на пензионерите на Македонија. Конечно се оствари желбата да имаме свој независен весник, пишуван од нас и за нас. Издавач е Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Во издавачкиот совет се: Душко Шурбановски, претседател, Андон Марковски, Ѓорѓи Серафимов, Нурие Кадриу, Ѓорѓи Трпески, Чедо Георгиевски и Драги Аргировски. Редакцискиот одбор го сочинуваат: Чедо Георгиевски – главен и одговорен уредник; Драги Аргировски – заменик главен и одговорен уредник и членови: Калина Сливовска Андонова, Иванчо Кузмановски, Костадинка Кајмаковска, Цветанка Илиева, Хисен Шакири и лектор Верица Тоциновска.

Весникот за разлика од „Пензионерските видици“ кои излегуваа на 4 страници и во поскромен тираж, излегува на 16 страници и се печати во 7.000 примероци. Се дистрибуира во сите наши здруженија и здруженијата на другите пензионерски сојузи, во Собранието на Македонија, Владата, одделни министерства, ФПИОМ и други институции, со што се овозможува поголема транспарентност на нашите работи, се запознаваат поголем број пензионери и добар дел од јавноста како и органи и организации кои сакаме да ги знаат и да ги следат нашите активности. Се обезбедува поголем број информации бидејќи ангажираме поголем број дописници од здруженијата.

Весникот се делеше бесплатно и досега огласите се позитивни.

И ова година СЗПМ и здруженијата учествуваа во одбележувањето на значајните настани и дати од нашата историја. Поединечни здруженија по повод годишнини од ослободувањето или по други поводи даваа концерти, организираа средби со граѓани и со пензионери од други здруженија, даваа дел од програми за прослави и сл. Хорови на некои наши здруженија веќе станаа репрезентанти на своите општини.

Бројни активности изведени во одредени наши здруженија не се спомenати, бидејќи во статутите и на Сојузот и на здруженијата потенцирани се самостојноста и автономноста.

ПРОГРАМА

# За работа на Извршниот одбор на Собранието на СЗПМ за 2009

Многу причини има и во оваа година на нашето внимание да биде насочено, како и во првите две години од четворогодишниот мандат (2007 – 2010 година) кон долгорочните, да не речеме трајните задачи односно прашања кои се темелни и врз кои се заснова организирањето и живеењето на нашиот Сојуз.

Паралелно со предходните, дел програмирани задачи ќе произлегуваат од општествените состојби и промени и од секојдневните потреби на членството. Во оваа година посебно внимание ќе предизвикуваат кризните состојби во кои веќе видливо навлегуваме.

1. Следењето, проучувањето и разгледувањето на уставните и законските определби и права и во оваа година како глобал е во преден план. Некои сегменти сепак се понагласени:

– постојаното очекување дека пензиите сè повеќе на пензионерите ќе им бидат солидна материјална основа за живот, покрај другото, претпоставува и нивно зголемување по основа на усогласување со трошоците на живот и зголемувањето на платите (според формулата 50:50) и по основа на зголемување од буџетот (според ветувањето на Владата). Во таа насока ќе се следат состојбите и по потреба, ќе се потсетува, сугерира и ќе се интервенира;

– што поуспешно реализирање на финансиските проекции на платите на Фондот на ПИОМ за прибирање и реализација на средствата по основа на придонеси на пензиите;

– спроведување на законските регулативи во врска со функционирањето на фондот за солидарност и сите аспекти за членарината (одредување висина на задршката и исплата на помошта – надоместот во случај на смрт на пензионер и висината на членарината и нејзината исплата на сите што се финансираат од неа);

– состојбите во здравството и здравственото осигурување, следење и ангажирање за нивно менување заради унапредување и подобро користење од осигурениците, во нашиов случај пензионерите. Во таа насока нашето внимание ќе се насочи кон: поголемо ослободување од партиципација за лечење и за лекови, зголемување на бројот на лековите на позитивната листа и нивно поевтинување, олеснето добивање на рецепти за лекови за подолга терапија и нивно полесно набавување, зголемување на бројот на амбулантите и аптеките и во руралните краеви, подобрување на просториите и др. услови во болничките и клиничките установи, подобрување на состојбите и бројноста на апаратурата и другата потребна техника, следење на сите овие прашања и нивна транспарентност и др.;

– залагање за наше поголемо учество во процеи на следење, проучување именување на легислатива во врска со животот на пензионерите и нивната организација – кога се расправа за носење или менување на одделни законски норми, кога се анализираат поединечни или група прашања интересни за нас итн. Во врска со предното ќе се залагаме за обезбедување учество, на пример во ФПИОМ со можност за членство во неговиот Управен одбор и во одделни комисии, во Собранието и во Владата и во работата на нивните поединечни работни тела – совети и комисии, потесни контакти со поединечни министерства (за труд и социјала, за финансии, за здравство) и слично.

2. Унапредувањето на институционалниот и организацискиот живот на нашата организација и годинава ќе се изразува преку:

– согледување на нови можности и потреби во овој правец и нивно статутарно регулирање во статутите на здруженијата на Сојузот;

– разгледување на иницијативи поврзани со предходното, нивното проучување и остварување;

– иницирање на активности и нивна поддршка во здруженијата, нарочно таму каде што тие се во зачеток, за подобро организирање на нивоа на активи, клубови, секции и други облици и форми; активности на солидарна основа – помош во случај на потреба предизвикана од болест, семејни несреќи, природни пореметувања, потреби од користење бањски и лечилишни капацитети; организирани патувања, екскурзии и посети на места и објекти од културно, историско, туристичко и друго значење и сл. Сето тоа да има основа во правилниците, пропозициите и другите нормативни акти заради користење без злоупотреба, фаворизирање, зачестеност и друго и на тој начин обезбедување можност на зголемен број корисници;

– изнаоѓање на можности за подобрување на материјално–финансиската положба на здруженијата, покрај членарината (наменски издвојувања од членството или финансиските планови, наследства, донации, помош од различни субјекти и сл.) и со тоа обезбедување подобра работа на ограноците (клубовите) и просториите за здруженијата, одржување на пензионерските домови што се во наша сопственост, изградба на нови пензионерски домови и домови за стари лица (ако се јави таква можност и но и давање такви иницијативи).

3. Продолжување со ангажирањата на традиционалните спортско–рекреативни и културно–забавни активности и подигање на квалитетот на животот на пензионерите.

– Се очекува и годинава спортско-рекреативните активности да отпочнат на отворено со подобрување на временските услови. Во врска со одржувањето на овогодишниве, XIV – по ред, Републички пензионерски игри и натпревари, активностите ќе отпочнат на ниво на активи во мај за во јуни–јули да завршат на ниво на здруженија, а во септември на ниво на Република, односно Сојуз. За таа цел ќе се преземат нужни организациони и други мерки. Ќе се настојува во активностите да се вклучат и здруженијата што не учествуваа во 2008 година, а наедно да се зголеми и бројот на поединци – членови на здруженијата. За Игрите ќе се издаде и посебен билтен.

– Ќе се поттикнуваат и други рекреативни активности (излети, пешачења, велосипедски возења, курсеви, трки и др.).

– Годинашниве ангажирања за ревиските настапи на пејачи, музичари, инструменталисти и фолклористи се очекува да бидат помногубројни и побогати од порано, покрај другото и поради настапување на поголем број здруженија, групи и поединци кои минатата година апстинираа. Ќе се настојува да се направи временски и просторен распоред според сугестиите на здруженијата и проценките на Издршниот одбор и според согледаното низ оцена на минатогодишните активности. И за оваа значајна активност во есен ќе се издаде специјално издание на билтен.

– Ќе се поттикнуваат и други активности како на пример литературни средби и читања (на проза и поезија); конкурси на пишани дела; концерти за свое членство, средби со граѓани и колеги во други здруженија; изложби на различни видови ракотворби; драмски изведби; настапи на фестивали и различни прослави и други облици на активности незапоставувајќи ги и едукативните видови што ги практикуваат бројните активи на жените–пензионерки.

4. Соработката сама по себе а и поради одделни свои перформанси стануваа се повеќе насушна потреба. Тоа важи и во нашата организација. Оттаму и во оваа година ќе се настојува таа да ја има, да се продлабочува, да добива во содржина и ширина, во квалитет и квантитет:

– со сите наши членки–здруженија и по најразлични прашања за кои ќе се појави интерес од која било страна–учесник, при тоа применувајќи двострано прифатлив облик;

– со други сојузи на пензионери што дејствуваат во Републиката;

– со органи, институции и служби на државата (Собранието на Републиката, Владата, министерствата – особено ресорните спомenати и порано), државните фондови (за ПИОМ и Здравство) и друго. Ќе се направат напори со некој субјект на Владата да се разработи „Стратегија за соработка на Владата со граѓански сектор до 2011 година“ преку акционен план за реализација или наша иницијатива по повеќе прашања од социјалната сфера (социјална пензија и др.);

– со други здруженија на граѓани и организации со кои може и се има заеднички интерес по одредени прашања и проблеми: Сојузот на борците, Сојузот на синдикатите, Црвениот крст, ЗЕЛС, МЦМС, хуманитарни организации, фармацевтски, трговски, банкарски куќи и др.;

– со организации на пензионери и нивни сојузи од соседни земји и пошироко заради размена на искуства, преземање и остварување заеднички иницијативи и активности од меѓусебен, регионален и поширок интерес и сл.

5. Информирањето постојано се јавува како значаен елемент на современо организациско живеење и дејствување. Се инсистира непрекинато негово унапредување како и поопфатност на бројни прашања од секојдневјето така и по примена на облици, елементи и помагала.

– Минатата година предвидената задача да се има сопствено информативно гласило се оствари. Годинава „Пензионер плус“ треба да го зацврстиме, да му обезбедиме посигурна финансиска основа преку изнаоѓање терен, извор во дел од членскиот доход, административен денар од другите пензионерски сојузи, Синдикатот и ФПИОМ, преку реклами на заинтересирани стопански и други субјекти. Со слична важност е и обезбедување на свежи актуелни и интересни новости и написи од нашето секојдневје во здруженијата на пензионерите и нивното опкружување преку наша дописничка мрежа. Едновремено ќе се истражува колку и на каков начин нашиот весник се ползува, колку се задоволни или не неговите корисници, какви сè сугестии и предлози има во врска со него и слично.

– Ќе продолжи соработката со телевизиската емисија „Трето доба“ на МТВ. Колку е можно ќе се влијае за изнаоѓање на заемно задоволувачко решение на емитување на емисијата во прифатливи термини.

– Ќе се бараат можности за настапи и преку други пишани и електронски медиуми по одделни прашања или активности ако се од заеднички интерес.

– Ќе се стимулираат постојните форми и облици на информирање во здруженијата – нивни информативни гласила, билтени, соопштенија, известувања, огласни катчиња, користење локални медиуми – весници, радија, ТВ–куќи и други.

6. Сите работни тела на Извршниот одбор (комисиите, Правно–економскиот совет и организационите одбори) на основа на овие цели ќе изготват сопствени програми.

7. Програмата е подложна на промени, измени, дополнувања и актуелизирања.


**ПЕНЗИОНЕР плус**

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година II – број 8 – март 2009 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Душко Шурбановски** (претседател)
Андон Марковски
Ѓорѓи Серафимов
Нурие Кадриу
Ѓорѓи Трпчески
Чедо Георгиевски и
Драги Аргировски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**
**Чедо Георгиевски**
Главен и одговорен уредник;
**Драги Аргировски**
заменик главен и одговорен уредник;

**Членови:**
Калина Сливовска Андонова,
Иванчо Кузмановски,
Костадинка Кајмаковска,
Цветанка Илиева,
Хисен Шакири
**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ "12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390
Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Проект Развој Македонија**

**Пензионер плус**
**тел. 02 321 3227**
**E-mail: prm@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
ПРМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

СОБРАНИЕ НА ЗП ТЕТОВО

# Поддршка од ограноците на програмата и на финансиското работење

На програмската определба за 2009 година и финансиското работење во изминатата, ограноците дадоа полна поддршка на Здружението на пензионерите Тетово. На годишното собрание што се одржа на 27 февруари ставовите на ограноците ги пренесоа членовите на Собранието, кои изнесоа и одделни забелешки присутни на нивните состаноци. Инаку Собранието на Здружението на пензионерите Тетово воведе новина во содржината на своето ангажирање, доставувајќи ги материјалите до ограноците не само да ги разгледаат, туку и да учествуваат во нивното финализирање со ставови, мислења и предлози што се систематизираат на седница на Собранието. Со ваквиот начин на работа, престанаа да се презентираат само свои ставови и лични мислења, а нивните настапи веќе предтставуваат забелешки на базичните структури, со што се ставаат во активна положба сите 21 огранок на пензионерите.

Програмата за работа во тековната година беше прифатена без некои посебни забелешки, меѓу другото, тетовските пензионери ќе учествуваат и на општински, регионални и државни натпревари и смотри на фолклор, спорт, излети. Во програмата се предвидува продолжување на колективното солидарно осигурување на брачните другари, да продолжи практиката на доделување еднократни помошти за најзагрозените пензионери, како и грижата за времено сместените во Домот на пензионерите. Планирано е да јакне соработката со други здруженија во земјата, и во странство, заради збогатување на содржината на работата, како и постојаната грижа за правилна застапеност на сите ограноци во работата на Собранието и неговите органи и тела. Поджано беше и воведното излагање на претседателот Нервер Јашари, со кое беа дообразложени одделни програмски насоки.

Финансиското работење на Здружението содржеше два дела: планирање и остварување во 2008 година, како и начелна определба за тековната година. Претседателот на Надзорниот одбор Емри Јусуфи подвлече дека овој орган редовно ги следел движењата во приливот и потрошувачката и дека "сите исплати и уплати биле согласно Законот врз основа на целосна документација" и дека "Здружението нема неподмирени обврски и побарувања". Тетовското здружение на пензионери во 2008 година остварило 3.165.000 денари приходи, а расходниот дел изнесува 3.105.000 денари. Остатокот од вишокот на приходи над расходите во износ од 59.481 денар распределени се во деловниот фонд.

**Гојко Ефтоски**

Четврта проширена седница на Здружението на пензионерите во Струга

# Нови видици на активности

Собранието на Здружението на пензионерите во Струга на 6 март ја одржа четвртата проширена седница на која со позитивна оцена беа усвоени Извештајот за работата на органите и телата и завршната сметка за 2008 година, како и годишна ориентациона Програма за работа во 2009 година.

Воведно излагање поднесе **Ѓурица Ристоски**, претседател на Здружението, потенцирајќи дека сите програмски активности биле релативно добро извршени, како што се прашањата за здравствената заштита, спортските натпревари, културно-забавните средби, активностите во рамките на асоцијацијата на пензионерите од Југо-западниот дел на Македонија, работата на Активот на жени пензионерки, на Клубот на пензионери и слично.

Откако ги поздрави законските решенија за Солидарниот фонд, Ристоски посебно го нагласи значењето на весникот "Пензионер плус" кој значително придонесува за навремено информирање за се што се случува во пензионерската асоцијација во нашата земја од аспект на заштитата на животниот стандард, здравството, спортските и музичко-забавните активности, за работата на Фондот на ПИОМ и други, што се значаен стимул за поголемо ангажирање на пензионерите и за развој на базичното организирање.

Во дискусијата Раде Пејоски, Ајро Мемеди, Осман Шеј, Инает Ќондра, Ламбе Лазаровски, Олга Милеска, Денаемин Кочоски, Елисавета Лазаревска, Надежда Чатороshkоска и Радое Влајчески главно ги поддржаа изнесените констатации во уводното излагање и извештаите, со потреба за отворање клубови за дневен престој на пензионери во Велешта и други поголеми места, за организирање повеќе екскурзии и негување на борбени традиции, за подобри подготовки за спортски натпревари и за учество на ревии, за креативност во работата и соработка со локалната самоуправа и друго.

Учествувајќи во дискусијата претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** ја истакна грижата за старата популација и воведување социјална пензија, како и потребата од взаемна соработка со локалната самоуправа и Црвениот крст и поттикнување на хуманитарните активности.Претседателот Шурбановски информираше и за предлог Спогодбата помеѓу СЗПМ и ФПИОМ за регулирање на меѓусебни обврски за Солидарниот фонд и членарината, како единствен пример во светот.

**Д.А.**

Осма седница на Собранието на Здружението на пензионерите „Кисела Вода" – Скопје

# Со максимално ангажирање - до подобри резултати

Во најбројното здружение на пензионери во нашата земја во минатата година беа остварени забележителни резултати во многубројните активности, како и во предлагање мерки и решенија за подобрување на условите и квалитетот на животот на пензионерите. Ова беше констатирано на осмата проширена седница на Собранието на Здружението на пензионерите „Кисела Вода", што се одржа на 4 март, а со која раководеше Доне Тодоровски, претседател на Собранието.

Во уводното излагање претседателот на Извршниот одбор **Димитрије Богатиноски** даде пресек на активностите на органите и комисиите и на 11 ограноци и клубови, на постигањата во сите области на организираното дејствување, на информирањето и друго.Посебно за одбележување е грижата за отворање клубови за пензионери во сите ограноци.Во минатата година беа отворени два клуба во „Вардар" и Зелениково, а се купени четири простории за отворање клубови и во ограноците „Кисела Вода", „11 октомври"–тврда градба, Ново Лисиче и во „Јане Сандански".



Фото: Томе Манов

Учествувајќи во дискусијата гостинот од СЗПМ **Чедо Георгиевски** ги пофали заложбите на раководството на оваа здружение за создавање солидни услови за поттикнување на активностите на ограноците, за грижата за информирање и друго.Тој ги изнесе и залагањата на СЗПМ за подобрување на материјалната положба на пензионерите, а го истакна значењето на потпишаните Меморандуми со Владата, ЗЕЛС и Црвен крст. На ова укажа и д-р Крсто Ангеловски, претседател на Градскиот одбор на СЗП, додека Веле Стојковски, управител на Домот на пензионерите во Аеродром информираше за обемната реконструкција на објектот за подобрувањето на животот на пензионерите. Во дискусијата учествуваа и Трајчо Атанасовски, Киро Цветковски, Душко Атанасовски, Јаким Заоски, Владо Симоски, Надежда Топалоска, Иван Цветановски, Слободан Илиевски, Богое Јовановски, Чедо Василев, Миливое Димковски и Киро Костадиновски.

Извештајот за работат на органите и телата на здружението и завршната сметка за 2008 година беа едногласно усвоени, како и Програмата за работа во 2009 година.На крајот на 22 истакнати активисти им беа доделени благодарници.

**Д. Арг.**

Здружение на инвалиди на трудот Охрид

# Заштитата на инвалидите на трудот, секогаш во преден план

Здружението на инвалидите на трудот е доброволна, социјална, хуманитарна организација која делува на подрачјето на Општината Охрид и Дебрца. Здружението е едно од првите Инвалидски организации во Општината кое има за цел да ги согледува, санира и помага инвалидите во решавањето на нивните проблеми од сите категории, со изгубена,намалена работна способност.

Активности во 2008 година,според претседателот на Здружението Благоја Крстаноски, се одвиваа согласно Програмата за работа, која целосно е реализирана. Како приоритетни задачи беа едукацијата за намалување на инвалидитетот и заштита при работа. Здружението остварува успешна соработка со Локалната самоуправа, општинските инвалидски здруженија, Здружението на пензионерите, Подрачните единици на ПИОМ, ФЗО, ЦЕР, Црвен крст, Општинскиот синдикат и други организации , како и со здруженија на инвалиди на трудот од Струга, Дебар, Кичево, Битола, Штип и другите членки на Сојузот на инвалидите на трудот на Македонија.



Од меѓународната соработка, Здружението соработува со инвалидите на трудот од Албанија, благодарение на претседателот Абдула Омури, кој е иницијатор за организирање на пограничните средби на здруженијата од Корча, Поградец и Пешкопеја од Албанија и Охрид, Струга и Дебар од Македонија.

На повеќето остварени средби на инвалиди на трудот и инвалидски пензионери од Македонија и Албанија, беа разменети мислења и искуства за подобрување на животот на инвалидите од двете соседни држави. На покана на Здружението на ивалидите на трудот на Албанија, делегација на здруженијата на Охрид, Дебар и Струга, присуствуваше на Четвртиот конгрес на инвалидите на трудот на Албанија, кој на 10 и 11 ноември 2008 година, се одржа во Тирана.

Во рамките на Здружението, од пред неколку години активно работи Активот на жени на инвалиди на трудот, кој организира хуманитарни акции, домашна посета и друго. Здружението активно учествва на спортските натпревари на инвалидите на трудот во Тетово и Преспа, на кои постигнува забележителни резултати.

Во текот на 2009 година, според усвоената Програма за работа престојат значајни активности за подобрување на правата на инвалидите на трудот, на материјалната и социјалната сигурнсот, здраствена заштита и рехабилитација, одмор и рекреација, и други поволности за оваа категорија на граѓани.

**К. Спасески**

Пробиштип

# Програмските и финансиските резултати за 2008 задоволуваат

Изминатите два месеци од годинава во Здружението на пензионерите минаа во знак на сумирање на резултатите од минатата и планирање на активностите за оваа година. Ова беше и предмет на расправа на годишното Собрание на Здружението на старосни и семејни пензионери, што се одржа на крајот од февруари.

Во своето воведно излагање претседателот на Здружението **Тодор Аксентиев** направи пресек на сите активности кои беа планирани и реализирани за 2008 година. При тоа нагласи дека најголем дел од активностите беа насочени кон трансакциите околу солидарниот фонд, како и од областа на културата, спортот, бањското лекување и помошта за болни и изнемоштени пензионери.

Во делот на спортот се настапуваше на сите меѓуопштински пријателски средби, на регионалните и на Републичките спортски натпревари каде спортистите освоија две први места.

Репрезент на културните збиднувања, секако дека е КУД "Весели пензионери", кое и во 2008 година имаше повеќе концертни настапи по разни поводи, учество на Фолклорната ревија на песни, игри и музика што ја организира СЗПМ и две фестивалски настапи во Долнени и Илинденски деновии каде освојја четири први места во разни категории во изворниот фолклор.



Имајќи ја предвид креативноста на нашите пензионери и желбата да се докажат и на полето на литературата и литературното творештво, се покрена иницијатива за формирање на клуб на поети–аматери од третата доба, од општините Пробиштиш и Злетово.

Кога сме кај првите активности од оваа година, да спомененме дека членовите на КУД "Весели пензионери" покрај настапот на хуманитарниот Василичарски коктел, гостуваше и во емисијата "Зајди–зајди" на телевизија АЛФА, со што уште еднаш ја докажаа желбата за негување, истражување и презентирање на изворниот фолклор од подрачјето и пошироко.

**М. Здравковска**

ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Нема место за загриженост!

*Точно е тоа дека светската економска криза чука на вратите од фирмите, но исто така, и подготвеноста истата да се запре е повеќе од евидентна, а со тоа и да не се доведува во прашање редовната исплата на пензиите*



Предупредувањата од типот дека економската криза што го зафати светот, драстично ќе се одрази во нашата држава, сеуште е само "претпоставка" од едноставна причина што нашата економија сега–засега успешно се спротивставува на негативните економски движења. Оттука, нема место за аларм, односно за стравување на нашите пензионери дека тие кога–тогаш, како резултат на таквата економска рефлексија ќе се најдат во незавидна состојба, односно ќе дојде во прашање редовното исплаќање на нивните пензии. Редовниот прилив на средства по основ на уплатени придонеси, е доволен аргумент дека економската криза е (по)далеку од нас и од нашата загриженост...

Но, во оваа прилика ќе потсетиме дека во Република Македонија, во минатата 2008 година, на три наврати пензиите беа корегирани, односно имаше усогласување и нивно зголемување. Најдобар пример за тоа се следните факти: од јануари 2008 год. пензиите тековно се зголемија за 4,45% (1,2% е 50% од пораст на трошоците за живот и 3,25 е 50% пораст на плати), потоа од јули минатата година истите тековно се зголемија за 5,10% (3,35% е 50% од пораст на трошоци на живот и 1,75% е 50% пораст на плати), како и од јануари 2009 година, пензиите аконтативно се зголемија за 3,5% (3,5% е од пораст на платите и 0% од трошоците на живот).

Значи, покрај тековното зголемување на пензиите, Владата на Република Македонија донесе одлука и за утврдување на повисок процент на усогласување на пензии во Република Македонија од 1 јануари 2008 год., како и одлука за утврдување на повисок процент на усогласување на пензиите во Република Македонија од 1 јули 2008 година.

Тоа покажа дека со усогласувањето на пензиите од јануари 2008 година, просечното зголемување на пензиите во првото полугодие лани изнесувало 13,08%, додека со усогласувањето на пензиите од јули минатата година просечното зголемување на пензиите во второто полугодие од 2008 година изнесувало 7,58%. Тоа покажува дека просечното зголемување на пензиите во 2008 година изнесувало дури 21,66%, додека просечната исплатена пензија лани изнесувала 9.062,41 денари или 15,47% повеќе во споредба со 2007 година.

Кога ќе се погледнат овие факти, произлегува дека настојувањето на пензиската политика во нашата држава која е насочена кон перманентното подобрување на стандардот на нашите пензионери ќе овозможува редовно исплаќање на доспеаните пензии. Тоа доволно јасно зборува за исправната политика на овој план како поддршка на огромната армија од над 270 илјади пензионери, колку што секој месец ги добиваат своите заслужени средства...

**М-р. Снежана Кутузовска**

Седница на Собрание на Здружение на пензионери „Гази Баба" – Скопје

# Истакнатите постигања како поттик

Собранието на Здружението на пензионерите „Гази Баба" на 25 февруари одржа проширерна седница на која беа разгледани и усвоени Годишниот извештај на Извршниот одбор за остварување на целите и задачите преку работата и активноста на органите, телата и облиците во 2008 година, како и завршната сметка и извештајот на Надзорниот одбор. Со седницата раководеше Вукашин Спасовски, претседател на Собранието, а уводно излагање имаше **Душан Пересски**, претседател на Извршниот одбор. При тоа тој акцентира дека во минатата година здружението остварило досега најголема организирана, широка и мошне успешна работа посебно во реализацијата на правата на пензионерите од областа на пензиската и здравствената заштита, на културно–забавно и спортско поле, одмор и рекреација, во доделување хуманитарна помош, како и во информирањето, особено во „Пензионер плус" и емисијата „Трето доба" на МТВ. Нагласка е дадена на активноста на 11 ограноци и осум Клубови во кои дневно престојуваат по околу 300 пензионери, а како развиено здружение целокупната работа се реализира преку 20 форми, содржини и облици на делување.

Учествувајќи во дискусијата Марија Илијевска, Бранко Ѓуриќ, Славица Тримпарева, Ристо Торбанков, Митре Ташевски и Иванчо Тошев се заложија за поттикнување нови активности и соработка.

**Д. А.**

Крива Паланка

# Спогодба за соработка

Поттикнати од Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и СЗПМ на 3 март во Крива Паланка свечено се потпиша Спогодба за соработка меѓу локалната самоуправа и пензионерите. Спогодбата ја потпишаа Драги Трајчевски, градоначалник на општината, Славко Стојановски, претседател на Здружението на старосни и семејни пензионери и Серафим Стојановски, претседател на Здружението на инвалидските пензионери.

Според Спогодбата локалната самоуправа ќе преземе поголема грижа за пензионерите, со изградба на пензионерски и старечки домови, создавање услови за работа на ограноци во селските населби, отворање Клубови на пензионери, остварување подобра здравствена заштита, а ќе се изготви и евиденција на социјално загрозени лица за хуманитарна и друга помош. Заложба е истакнати пензионери од оваа општина да бидат вклучени во органите и телата во единицата на локалната самоуправа, а се чувствува потреба и за заедничка соработка со другите невладини организации, формирање на пензионерска пејачка и фолклорна група и друго.

**Арсен Илиевски**

Собрание на Здружението на пензионерите во Гевгелија

# Реализирање на програмата

Собранието на Здружението на пензионерите на општината Гевгелија деновиве го усвои Извештајот за работа и финансискиот извештај за 2008 година и Програмата за предвидените активности и Финансискиот план за 2009 година.

Во обемната дискусија позитивно беа оценети наведените извештаи со заклучок дека и во оваа година активностите поинтензивно да продолжат.

Секако треба да се има поголем контакт со ограноците на Здружението во населените места, со цел за поттик за нивно зголемено учество во сите активности во здружението – истакна претседателот на Здружението Драгиша Јовановиќ.

Беше истакнато дека во полн ек се подготовките на екипите за настапот на регионални спортски натпревари што ќе се одржат во Кавадарци.

Пејачката група "Сава Михајлов" интензивно се подготвува за заеднички дружења со успешен настап во Битола, Прилеп, Кавадарци, Неготино, Валандово и Богданци, а при крајот на април домаќин ќе биде Гевгелија.

И Активот на жени – пензионерки при здружението веќе има активности за здравствена едукација на членството.

**Т. Кусеников**

Избор од „Шпиц"

# Пензионирани затвореници

*Ова е Македонија,а во неа луѓето што имаат полни 70 години не можат да патуваат во странство*

Пред многу, многу години, гледајќи ги британските туристички групи во нашата земја, мојата жена имаше обичај да праша: "Боже, боже, дали и ние еден ден како пензионери ќе изгледаме олку грди?".

И туку, еве, дојдоа пензионерските денови, а женами и јас никако не ќе можеме да се споредуваме со Англичаниве, за да видиме дали и ние ќе изгледаме толку комично.

Од простата причина што ова е Македонија, а во неа луѓето што имаат полни 70 години не можат да патуваат во странство. Барем така дознавме од еден новинарски напис (објавен во весникот "Вест" од 11 овој месец).

Таму пишува дека пензионерите со 70 наполнети години не добиваат никаква осигурителна полиса за одење во странство, зашто тие–и инаку, во тие години не одат во странство!

Така и оние што мислеле дека на стари години ќе можат да си ја почестат душичката и да погледнат нешто од странските музеи и странските добра, одеднаш се најдоа во "морален процеп"– за нив странство нема! Дома, особено со оваа власт, остануваме крајно незадоволни. На 3 март, да речеме, му беше роденден на нашиот кум Михали Пателис од Солун, а ете, ние не можевме да го посетиме за да му го честитаме роденденот.

Меѓутоа, она што е мошне чудно, ни некои наши угледни сограѓани не ќе можат да добијат виза за Грција, иако имаат имоти и барем еднаш годишно одат таму да собираат пари од ,,грчките закупци". Да не им ги цитирам имињата. Кога ќе ги видам за ова лично ќе ги информирам.

Знам едни наши роднини кои имаат деца во Нов Зеланд, кои секој 3–4 години си одат на семејни посети: децата сакаат да одат во Австралија на одмор, а тие ќе седат дома и ќе им ги чуваат децата. Тие, досега барем два пати беа кај своите и немаат проблем, зашто ваквата одлука на осигурителните заводи е нова–од оваа година!

Да не зборуваме посебно за оние од нас што поради некаква болест ќе мора да одат на лекување во странство. Не се белки тие, токму поради староста, осудени на смрт во земјава?

Од друга страна, ние допрва ќе мора да повојуваме против оваа очигледно противуставна забрана (зашто таа има очигледно владино овластување – неа ја изговорил претставникот на владиното Министерство за финансии, портпаролот Мартин Мартиновски).

Се разбира како од повеќе страни ни беше навестено, македонските граѓани до крајот на оваа 2009 година ќе добијат слободен пристап до земјите на Европската унија. Но, и она што дотогаш си било противуставно, до тогаш си останува такво.

Инаку, новинарката што ова го открила била и во Здружението на пензионерите и тие и рекле дека е ова уште една противуставна дискриминација против пензионерите. Но, безуспешните „патешествија" за добивање полиса за осигурување за некој 75–годишен пензионер се доволни за поведување противуставна тужба, а ни авторот на овој текст нема да заостане многу по него!

Проф.д-р **Ѓорѓи Марјановиќ**, пензионер

КОЧАНИ

# Активности за регионален Дом на пензионери

Здружението на пензионери – Кочани, успеа да се вклучи во програмата "Форум во заедницата" каде на четвртата форумска сесија, беше прифатен предлог концептот за изградба на регионален пензионерски дом во Кочани, што е во рамките на програмата на Владата. Плановите за реализација на една ваква идеја датираат од поодамна – вели претседателот на Здружението на пензионери Ѓорѓи Серафимов. Ќе одиме чекор по чекор. Од скромната понуда на форумот бараме средства за идеен и главен проект, а од локалната самоуправа локација од околу 3000 метри квадратни. Од нив околу 1000 метри квадратни ќе бидат потребни за изградба на зградата на домот за пензионери, а 2000 метри квадратни ќе бидат уредени во паркови и зеленило, каде согласно местоположбата на локацијата, чистиот воздух нема да недостасува. Изградбата на регионален пензионерски дом покрај за пензионерите ќе биде во функција и на останатите граѓани на Кочани, бидејќи ќе обезбеди работа за градежната оператива, но и нови вработувања. Тоа ќе биде дом во кој ќе бидат опремени околу педесетина апартмани, за исто толку пензионери за целосен престој. Ќе се изградат широки ресторан – сали, простории за фитнес активности и друштвени игри, тв сала, современа кујна и други пропратни простории. Овде ќе има вработувања за медиумски персонал, лекари и сестри, готвачи, хигиеничари и друго.

Важно е еднаш да почнат идејно – проектните активности, вели агилниот претседател Серафимов. Доколку се обезбедат потребните предуслови од здружението ветуваат изградбата на домот да почне уште од почетокот на идната година. Постои оптимизам и кај самите пензионери. Активните членови на Здружението на пензионери од Кочани – Методи Костов, Драгољуб Алексов, Ѓорѓи Демерџиев и Трифун Павлов се воодушевени од предлог концептот за изградба на регионален пензионерски дом и бараат активностите да започнат што е можно побрзо.

Впрочем, предлог концептот на Здружението на пензионерите – Кочани на форумската сесија е само почеток и иницијатива за проектот кој пензионерите желно го очекуваа изминативе дваесетина години, а никако да отпочне да се реализира. Шансата не смее да се пропушти.

**Илчо Лазаровски**




QBE CENTRAL EUROPE
Македонија

По 14–ти пат пензионерките на Македонија ја покажаа својата хуманост

# „Блакцето на баба“ носи благодет на оние на кои им треба помош

Во февруари во мотелот „На Велешко” се одржа културно–хуманитарната организација „Блакцата на баба” која по 14–ти пат ја организираше Активот на жени пензионерки од Велес.

На манифестацијата учествуваа Здруженија на женски пензионерски активи од 17 градови на Македонија. Вредните пензионерки пред присутните се претставија со старински блага кои се карактеристични за локалните трпези од градовите: Гевгелија, Богданци, Тетово, Гостивар, Ѓорче Петров 1 и 2, Штип, Кочани, Радовиш, Прилеп, Крушево, Битола, Кичево, Охрид, Кратово, Пробиштип и Велес.




Присутните гости околу 560 лица, од името на организаторот ги поздрави претседателот на Здружението на пензионерите на Велес **Момчило Марковски** и претседателката на Активот на жените **Марија Ѓеоргиева** при што изразија задоволство од одзивот и учеството на гостинките кои се вклучија во хуманитарната мисија, да се помогне на лица на кои им е потребна помош.

Од име на градот домаќин присутните ги поздрави градоначалникот **Аце Коцевски**. Со посебна почит пензионерките ги поздрави и секретарот на Сојузот на Здруженијата на пензионери на Македонија, **Чедо Георгиевски**, нагласувајќи го значењето на манифестацијата, како пример на дружење, соработка и хуманост.

Активот на жени пензионерки додели и повеќе Благодарници за подршка и соработка.

Манифестацијата мина и како убава забава со македонското оро и песна, во изведба на групата “Негрос”.

Оваа година собраните средства од манифестацијата “Блакцата на баба” беа донирани на Јавната установа Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Дневен центар за лица со посебни потреби од Велес.

Години наназад, пензионерките преку оваа манифестација одделија средства за човекот со посебни потреби Миле Стојановски, на Бобан Стојковски, на Моника Петрушевска и минатата година на Детското одделение при Јавната здравствена организација Општа болница – Велес.

**Божана Ќулафкова**

# Старинските специјалитети на тетовските пензионерки

На овогодишната традиционална манифестација „Блакцата на баба” во Велес убав впечаток оставија тетовските пензионерки. Иако манифестацијата има ревијален карактер и нема официјално прогласување победници, колпидето (пита вртена во круг) на пензионерката од Тетово Сребра Стојковска во чија средина впечатливо е поставено кисело шарпланинско млеко, посебно го свртe вниманието на учесничките и гостите.



Освен дружењето, учесничките настапија со старински блага, кои беа презентирани доброволно и бесплатно. Во основа беа традиционални јадења карактеристични за подрачјата од каде што доаѓале пензионерките.

– Годинава учествувавме со 20 пензионерки, меѓу кои имаше и 7 припаднички на албанската етничка заедница. Догодина секако ќе имаме уште помасовно учество со непосредна застапеност во традиционални јадења во солена или блага варијанта, вели Славе Лазаревски, претседател на Ио на ЗП Тетово.

**Г. Ефтоски**

# Блакцето на Џелили Зеќире од гостиварско Србиново

Активот на жени при Здружението на пензионерите од Гостивар за прв пат учествуваше на оваа манифестација и беа многу задоволни од организацијата на манифестацијата.



Пензионерката Зеќире Џелили од село Србиново-Гостиварско како вешта жена доброволно се нафати да подготви еден старински специјалитет кој се вика “Шеќер–паре”, а за неговото изготвување се бара голем напор и вештина. За да се изготви овој специјалитет треба најмалку четири саати работа. При изготвувањето има посебна технологија што треба редоследно да се обработи како смесата, изработка од тестото, фигури цветови, потоа начинот на печењето, подготовка на шербетот и посебно внимателното ставање на шербетот во шеќерпарето, бидејќи не смее да се стави ниту многу вруќо, ниту многу ладно.

Овој стар специјалитет се изготвува за посебни пригоди како што се: свадби, празници, родендени и слично.

Значајно е дека Зеќире Џелили, снаата и ќерките како и други заинтересирани ги подучува да ја наследат оваа мајсторија.

Таа е многу вешта и за други специјалитети кои се во изумирање како што се: качамак, питулици, колпиде, благо, баклава, татлии, алва, раванија, разни торти и друго.

Џелили со восхит зборува за хуманитарната манифестација “Блакцето на баба”, за меѓусебното дружење и за создавање нови пријателства кои остануваат незаборавни за цел живот.

**Д. Арг.**

## ФОТО ВЕСТИ



Активот на жените пензионерки во градот под Исарот беше организатор на заедничко дружење на околу 500 пензионерки и пензионери од Тетово, Гостивар, Велес, Свети Николе, Радовиш, Неготино, Тафталиџе – Карпош и Штип. Со пригодни зборови за значењето на денот на жената се обратија претседателката на Активот од градот домакин Сашка Пуриќ и секретарот на Здружението на пензионерите од Штип Михаил Протогеров.

Беше создадена и пријатна и весела атмосфера со песни и ора од сите краеви на нашата земја.

**Ц.Спасикова**



По повод Денот на жената 8 март во Виница и други здруженија на пензионери во Република Македонија се организираа и одделни меѓусебни дружења, поетски средби, седенки и хуманитарни акции.

# Свети Трифун на пензионерски начин

Во најголемото виногорје во Македонија – Тиквешијата, вековната традиција на одбележување на празникот на лозарите 14–ти февруари продолжи и годинава со повеќе настани и манифестации.

На Св. Трифун, заштитникот на овошјето, градинарството и полето, му чествуваа и кавадаречките пензионери на која присуствуваа околу 500 гости од Прилеп, Велес, Битола, Куманово, Богданци, Гевгелија, Кичево, Валандово, Кочани, Радовиш, Струмица, “Кисела Вода” и “Карпош” од Скопје, кои беа поздравени од домакините **Цвета Малинкова** и **Илија Пемов**. Организаторот на прославата, Активот на пензионерки при ЗП Кавадарци, се ангажира на своите гости да им обезбеди топло гостопримство, добра забава и потсетување на обичаите кои кавадаречките лозари од памтивека ги негуваат на Денот на светецот Трифун. Заради студеното време, закројувањето на виновата лоза наместо на лозје, се изврши во самата сала каде беше прославата, а потоа се подели ногача и се наздрави за бериќетна година и здрав род на лозјата. Ученици од Гимназијата “Добри Даскалов” со вокална придружба на Ангел Тотов и оркестар, изведоа рецитал посветен на грозјето и виното што за оваа пригода го подготви Ванчо Мркев, професор во пензија. Воедно беа прогласени и наградени најдобрите творби на тема “Виното, храна и лек” на конкурсот што по повод празникот на лозарите го распиша Комисијата за културно–забавен живот при ЗП – Кавадарци. Најдобрите творби беа прочитани, а прославата продолжи со песни и игри и добро расположение на начин на кој само пензионерките умеат да се забавуваат.



**Ф. Костадиновска**

## ПОЕТСКО КАТЧЕ



### Осмомартовска честитка

**КИТКА СВЕЖИ РОЗИ ЗА ТЕБЕ**
**МАЈКО, БАБО**
**СИЛНА ЉУБОВ ШТО НИ ДАРИШ**
**ВЧЕРА, ДЕНЕС, УТРЕ**
**ВЕСЕЛИ НЕ ПРАВИШ**
**СОНИШТА НИ ГРЕЕШ**
**НОВИОТ ДЕН ГО БУДИШ**
**НЕЖНОСТИ НИ НУДИШ**
**МЕЧТАЕШ ЗА НАС**
**КОПНЕЕШ ПО НАС.**

**КИТКА СВЕЖИ РОЗИ ЗА ТЕБЕ**
**СЕСТРО, ДРУГАРКЕ, ПРИЈАТЕЛКЕ**
**ЗДРАВЈЕ И ДУХОВЕН МИР ВЕЧНО**
**ДА ВЕ СЛЕДИ**
**А ВО ВАШИТЕ СРЦА**
**СРЕЌНАТА УБОСТ ДА ПОБЕДИ.**

**СРЕЌЕН ТИ ПРАЗНИК**
**МАЈКО, СЕСТРО, ТЕТКО, БАБО**
**ДРУГАРКЕ, ПРИЈАТЕЛКЕ**
**СО ЗДРАВЈЕ, РАЗУМ И СРЕЌА**
**ВЕКОВИТ ДА ТИ Е !**

**Андриета Цветковска**
**пензионерка од Ресен**

### Белиот гулаб

Бел гулабе
пагански ангел на мирот
одлетај!
И истражи го светот;
Собери ги ветровите на мирот,
освежи го воздухот
со силата и моќта
што се дише
во недогледни денонoќија.
Овозможи им:
на децата детство,
на мајките мајчинство,
на татковците грижно татковство,
на цвеќињата да цутат,
сите усни радосно да се смеат,
сите тажни со надеж да се згреат.
Бел гулабе;
Исполни го живото со верба за мир.
Развеј го знамето на љубовта
низ галаксијата наша.
Во огледалото на животот
нека свети мирољубив дух.
Светлината нека




го разбие мракот
и во најтемните души
на страдалниците.

**Божана Трајковска**
**пензионерка од Куманово**

Интервју со пензионерката Тамара Арсовска, познат новинар и публицист

# „Животот не е деновите кои поминале, туку деновите кои се запомниле“

Деветнаесет години пензионерски стаж, пет книжевно–публицистички дела во последниве петнаесетина години, неколку антологии, избори и преводи на белетристика, ова се дел од мотивите за интервју со нашата позната новинарка, публицист, преведувач **Тамара Арсовска**. Нејзе и на нејзиниот покоен сопруг познатиот писател Томе Арсовски, убавиот пишан збор им беше првична и трајна определба.



**- Госпоѓа Арсовска, да тргнеме од Вашите биографски врвици. Колку тие влијаеле врз оформувањето на Вашата личност?**

– "Не е пријатно да се старее, но тоа е единствениот начин да се живее подолго" – рекол Сент Бев. Секое време си има свои предности и недостатоци. Ќе го спомнам уште и Пјотр Павленко, кој вели: "Животот не е деновите кои поминале, туку деновите што се запомниле".

Самите биографски фактори од раната возраст ме определија да бидам космополит. Татко ми, Русин, шумарски инжењер, мајка ми Херцеговка од Мостар, јас родена во Крагуевац во 1933 година. Заради потребите на службата на татко ми семејството повеќепати го менуваше местото на живеење. Раснев и се школував во Мостар, Ниш, потоа дојдовме во Македонија во 1946 год., во Кичево, па Штип, Куманово и конечно Скопје. Тоа значеше широк круг другарувања и постојани приспособувања на нови средини и настојувања да се докажуваш, надградуваш и осведочуваш. Дипломирав на тогашниот Филозофски факултет (книжевност и македонски јазик) во Скопје.

Работев како професор во основното и средното образование, а потоа како новинар–уредник во Образовната редакција при Културниот сектор на Радио Скопје, до пензионирањето во 1991 година.

**- Како се преориентиравте на новинарството, кое исто така, бара целосна посветеност и динамичност, адаптација и висока одговорност?**

– Во 1961 година имаше конкурс за соработник во Образовната редакција (емисии по литература и македедонски јазик). Бев примена и во таа редакција останав со големо задоволство , се до пензионирањето. Соработував со прекрасни колеги од различни професионални профили,со можности за широки контакти со надворешниот аудиториум, секогаш на изворишата на животните текови.

**- Целиот живот го посветивте на убавиот пишан збор. И денеска тоа ви е главна преокупација. Што работите во моментов?**

– Професијата безусловно треба да се сака не само како обврска, туку и како потреба и задоволство. По 35 години работен стаж заминав порано во пензија.

Имам веќе 17 години пензионерски стаж, но уште ми е кратко 24–часовното денонокие. Ова не е нескромна, формална лага, зошто и јас како и најголемиот број мои колеги за да не им се подадат на болестите, на здодевноста или осаменоста се уште се трудат да бидат активни и корисни.

Нормално, динамичноста и ангажманот со годините се редуцираат и стеснуваат, но не замираат! Ќе го поткрепам ова со неколку максими. Игњатиј Крачковски рекол:

“Колку што патувањето се приближува кон крајот – толку километрите ни се чинат подолги; а колку што животот се приближува кон крајот толку годините ни се пократки!” Во овој контекст Борге вели: "Кога човекот е млад има премногу сила за своите работи, а кога ќе остари има премногу работа за своите сили.” Јасно, виталноста и амбициите во овие години се поскромни.

Тука, сепак, треба да спомнам уште еден, за жал, битен фактор: животот во новинарската професија, пред години наназад, колку и да сте го минале угледно и скромно, сега, во пензионерските денови имате потреба и од извесна материјална поткрепа.

Значи, и навиките и потребите и насобраниот интелектуален багаж ме поттикнуваат дома да си го продолжам работниот професионален ангажман. Во периодот од последниве петнаесетина години излегоа од печат пет мои книжевно–публицистички книги, неколку антологии, избори и превод на белетристика се со помош на конкурсите од Министерството за култура.

Извесен број преводи ги работевме заедно со сопругот – тоа ни беше и задоволство и потреба за решавање на станбеното прашање.

Убавиот пишан збор на двајцата ни беше првична и трајна определба уште од раната возраст. Што работам во моментов? Најчесто, не се бега од сопственото его, нели? Се уште, макар и рестриктивно, ги следам културните настани. Почесен член сум на Друштвото на писателите на Македонија, па и тамошните збиднувања ме охрабруваат да не се пасивизирам целосно. Во моментов подготвувам еден интересен продуховен избор од неколку извори на епистоларното наследство на светските великани на убавиот збор, што ќе му понуди на читателот свртување кон сопствените внатрешни вистини и заблуди, како и вековни потреби од топла меѓучовечка комуникација.

**- Дали на тој начин ја пополнувате и празнината од загубата на Вашиот сопруг, познатиот писател Томе Арсовски ?**

– Токму така. Настојувам пак да бидам со него. Како? Таа ненадоместлива болна загуба ја осмислувам со подолготрајно живеење на неговиот лик и дело.

Последниве две години најмногу време посветив на средувањето, делумното објавување и обезбедувањето на неговата авторска (писателска) документација: дел од неговите ракописи, интервјуа, изјави, рецензии, критики, фотоси од неговите играни драмски дела и театарски плакати и нивниот однесов во Академијата за драмски уметности. Имам уште доста работа околу преостанатата архивистика што треба да ја систематизирам и предадам во МАНУ, во Универзитетската библиотека и во други соодветни институции.

Болната празнина и загуба ми ја ублажува и дружењето со внуците од моите сестри, особено со четиригиопл годишниот Марко, за кого сум една од „дежурните“ баби. Тука се и моите пријатели, колеги, роднини, некогашни учеництв... Па сепак еден од блиските ме праша: „Зар кафето го пиеш сама?“ Да, најчесто. Но, покрај се, знам да наминам и во некое драго сликарско ателје, да појдам на промоција на книга или изложба, да другарувам со блиските...

**- Долго сте пензионер, долго соработувате со пензионерите - вљубеници во убавиот пишан збор. Вашата соработка започна во емисијата ,,Семејна палета“, а „Наш конкурс“ на МТВ, сеуште трае?**

– Да, Томе и јас, на Ваша покана, соработувавме во мошне популарната емисија „Семејна палета” со посебно задоволство, цели 13 години. Во тој период со свои литературни творби продефилираа стотици вљубеници на убаво пишаниот збор од сите возрасти, голем број пензионери, и со најразлични професии. Многу од нив во текот на соработката објавија свои книги, а голем дел од пензионерите се вклучија продуктивно, во Здружението на просветните работници како литературни творци. Многу од нив станаа популарни и почитувани во своите средини, па до ден денешен ми се јавуваат со пријателски чувства за рецензирање, промовирање или едноставно за проверка на создаденото, или едноставно за размена на добронамерен збор.

**- Секој Ваш збор е убава порака до нашите читатели, па сепак ќе Ве замолам на крајот за директно обраќање до нив”.**

– И покрај времево на недоволна заемна меѓучовечка почит и покрај сите општествени и социјални кризи и товарот на годините, треба да им се спротивставуваме на летаргијата и депресијата, да не им робуваме на немоќта и скептицизмот, бидејќи „Животот не треба да биде роман што ни се случил, туку роман што самите сме го создале“ (Новалис), ниту пак треба да не обзема мачната мисла дали има некаква смисла Животот, зашто тој има таква смисла каква што ние му ја даваме.

Повторувајте си ја почесто изреката на Сенека: „Единствено разумот може да ни го осигура спокојството“ – таа придобивка и барем трошка подносливо здравје, како и топол човечки збор, сепак ни се најпотребни за достоинствени пензионерски денови. И да не заборавиме: колку благодет носат зборовите „Добро утро” и „Добар ден”. Најдете некои мали задоволства што ќе ви ја крепат животната радост: читање книги, набљудување на детската игра, насмевката на некој вам упатена, успехот на блиските, сончевиот изгрев... Ги има толку многу, треба само да се забележат и почуствуваат! Не се затворајте во себе, бидете некому или за нешто потребни, макар и само со искрен благороден збор...

Да веруваме во вистината од пораката на писателот Емил Зола, кој вели: „Кога некој го нема тоа што го сака,мора да го сака тоа што го има”.

**Цветанка Илиева**

## ПОЕТСКО КАТЧЕ

### Движење

Дење,
со толку светлина
и движење
по улица луѓе,
коли, патници,
врева од деца и жени
ученици
луѓе на пазар
зрело овошје,
свежина, убавина
секојдневна бркотница.
Мислата пребира
лица
во сеќавања,
ми треба мирно
размислување
за пишување




без разни движења на моите
касни
разбудувања.

**Ангелина Маркус**
**пензионерка од Скопје**

### MAJKA

Од искона останало
срце да размножуваш
да го негуваш цветот
да го продолжуваш светот
да го носиш родот
на човештвото плодот.

И кога те нема мајко
времето глаголи за тебе
одиме по патеката мудра
чекориме по твоите ѕвездени очи
од кои мирта се точи.
Еден е вистинскиот пат
за созавање на светот
една е утробата што не носи
и дојката што не дои
затоа нема достојна замена за тебе.

И кога те нема – те има
те носиме во мислите
како најубав природен кристал
ти си сонце што свети
кое не заоѓа дење и ноќе.
Како тебе е само родината мила
зашто почива врза коските на предците
од кои нов живот се раѓа и храни.

Зарем не сме сите создадени
во ткаеш на земја и светлина.

**Цвета Спасикова**
**- пензионерка од Штип**




Деновиве во Штип се одржа промоција на мелодрамата “Ноќ спроти Богородица” од авторката Цвета Спасикова. Промотор беше Трајче Кацаров, драматург во Народниот театар во Штип.

Публиката со задоволство го следеше кусиот импровизиран театар со учениците од училиштето “Гоце Делчев” – Три Чешми – Штип.


Растеме заедно.
Знам зошто.
NLB Тутунска банка
НЛБ Групацијата, со огромна чест и задоволство, ги известува сите досегашни и идни соработници, дека од **23 јануари** започна со работа во **нова деловна зграда**, која се наоѓа на улица Водњанска број 1, до трговскиот центар Рамстор.
NLB Тутунска банка
NLB Тутунска брокер
NLB Лизинг
NLB Нов пензиски фонд
NLB Групација

Медицински поуки

# АЈУРВЕДА

Луѓето од сите времиња и простори секогаш барале решенија за своите здравствени неволји. Стари медицински текстови од Индија што потекнуваат уште од 5000 и 6000 години наназад, потврдуваат дека постоел еден сеопфатен медицински систем, наречен ајурведа, кој се однесува подеднакво на телото, на умот и на духот. Изразот ајурведа има санскритски корени: зборот ајур, што значи „живот" и веда, што значи „знаење". Оттука дефиницијата како „Наука за животот", а се среќава и како „Познавање на животот за постигнување на долговечност". При прва средба со некои ајурведски практични постапки се добива впечаток дека тие се егзотични, туѓи или старински но, всушност, се работи за универзални, безвременски и корисни постапки кои и денес останале такви како што и биле со илјадници години. Според многумина познавачи на ајурведата, таа е многу почитувана, бидејќи се обидува да воспостави хармонија и баланс во светот кој очигледно не функционира како што би посакувале, со присутните загадувања, стресови, нездрава храна, забрзано темпо на животот, седечки занимања и пасивно губење време. Целта е да се обнови природната хармонија кај индивидуата. Во ајурведата се смета дека сите болести во организмот настануваат поради стресови во свеста на индивидуите, кои водат кон нездрав начин на живот. Телесните манифестации на болеста се припишуваат на нерамнотежата на трите основни физиолошки принципи, наречени „доши". **Доша вата** ја претставува кинетичката енергија на организмот; вата го тера срцето да чука, да тече крвта и да ги поттикнува функциите на мозокот и на нервите. **Доша кафа** е потенцијална енергија, одговорна за телесната сила и за стимулација на ткивата. **Доша пита**, која се смета како посредник помеѓу вата и кафа, управува со метаболичките процеси во организмот. Ако овие три принципи престанат да дејствуваат хармонично, се јавува болест. Процена на состојбата со дошите се врши со техниката наречена нади вигјан; со неа се определува начинот на лечење кој ќе се примени. Докторот по ајурведа ја идентификува индивидуалната градба кај пациентот и неговиот целокупен здравствен профил и нарушениот баланс со разјаснување на метаболизмот на пациентот преку низа прашања за личната историја, пулсот, јазикот, ноктите и друго. Нарушениот баланс кај пациентот во контекст на неговата градба исто така претставува основа врз која се определува планот за третман со цел да се изврши индивидуално враќање во хармонија со опкружувањето. Планот може да содржи промени во исхраната, вежби, јога, медитации, масажа, билни раствори (тоници) и други лекарства. Практичарите на ајурведската медицина пропишуваат различни прецизни положби на телото, кои потекнуваат од древната дисциплина јога, заедно со вежби за дишење и техники на медитација; освен тоа, користат лековити билки, еметици (за повраќање) и енеми (за клистирање), масажа со масла, како и исхрана со која се унапредува определена доша за да се изврши детоксикација на системот и повторно да се доведе во рамнотежа.

Јогата подразбира низа од положби и движења на телото кои настанале низ повеќе илјади години, а чија цел е да се смири умот, да се опушти телото и да дојде до олеснување на духот. Јогата може да се научи и изведува и дома; меѓутоа, при бременост или болест какво што е срцевото заболување треба да се биде внимателен и да се прилагодат движењата на таквата состојба.

Корисноста и мудроста на ајурведата денес е прифатена во современиот свет, најмногу благодарение на многу продаваните книги и видеоленти на познатиот доктор Deepak Chopra (Дипак Чопра). Пораките на ајурведата лесно го наоѓаат патот до заинтересираните од повеќе причини. И покрај тоа што современата конвенционална медицина има постигнато извонредни успеси во некои области, посебно кај трауматските повреди, акутните инфекции и кај некои видови канцер, не се забележани толку значајни пробиви во третирањето на повеќето хронични заболувања како што се артритис, мултиплекс склероза, срцеви заболувања и повеќето видови канцер. Комплементарна, алтернативна или неконвенционална терапија според правилата на ајурведата ја премостува оваа празнина, поради што често се нарекува жскриена медицина". Во некои западни истражувања се наведува дека во 1990 година еден од тројца пациенти користеле барем една неконвенционална терапија, па се извлекува заклучок дека пациентите многу почесто ја користат неконвенционалната терапија одошто примарната здравствена заштита, трошејќи огромни парични средства.

Ајурведата има мистично минато, но дава можност за практичен секојдневен пристап во напорите за зачувување и одржување на сопственото здравје. Погодна е за сопствена грижа за здравјето, па поради тоа може да помогне да се совлада редефинирањето на начинот на живот. Во секојдневниот живот може да помогне да се возобнови и да се одржува севкупната рамнотежа при третирањето на специфичните симптоми кои потекнуваат од алергии и акни до главоболка, напрегнатост и загриженост, замор, лошо варење на храната, сексуални проблеми и ненадејното губење на расположението (кај жените во менопауза). Ајурведата може да помогне при отфрлањето на навиката за пиење кафе, да се започне денот со чувство на исполнетост со енергија, а притоа да се зачува ладнокрвноста и сосредоточеноста; помага да се одржува идеалната тежина, релаксира без лекови, спречува прерано стареење, а со тоа и сериозни заболувања, управува со стресот и ги детоксифицира умот и телото, давајќи полека и на природен начин енергија за заздравување. И покрај растечката популарност, книгите за ајурведата одаваат впечаток на филозофски и комплицирани за практикување. Некои изрази е тешко да се преведат, па се користат оригиналните. Така, на пример, зборот доша кој во буквален превод значи "она што е погрешно", често се преведува како "владејачки принцип". Трите видови на доши: вата, пита и капа, немаат превод. Зборот, пракрути, некои го преведуваат како "конституција" (телесна градба), "тип на тело", "лични особини", "биотип" или дури и "психофизиолишка градба". Но, луѓето се навикнуваат полека на изразите „доша" и „панкрути".

Установено е дека некои ајурведски мешавини на лековити билки содржат големи количества на олово па можат да бидат токсични. Поради тоа потребно е детално да се истражи составот на секој лек пред да се употреби.

Подготви
**Миле Серафимовски**

## ФОТО ВЕСТИ



Членовите на неготинската група „Распеани пензионери" често празнувањата ги споделуваат со пензионерите згрижени во Домот за нега на стари лица „Жана" во Неготино. Настапите секогаш се проследени со големо внимание од штитениците, најчесто со радост и тага, но и со благодарност. Ги оставаат количките и се фаќаат во заедничкото оро настојувајќи да го следат ритамот на музиката. Секако, ваквите хуманитарни акции на пензионерите се за поздравување.

**П. Стефанов**



Хуманитарните акции се белег на повеќе здружења на пензионери во нашата земја. Членовите на Активот на жени пензионерки при Здружението на пензионерите од скопски "Чаир" и од Црвениот крст ја посетија специјалната болница во Бањата Банско, при што разменија мислења за условите на престојот и на штитениците им подарија скромни подароци.

## Слеп прогледал со Бионичко око



Британец кој потполно го изгубил видот пред 30 години, сега благодарение на експерименталното бионичко око може да прави некои активности кои досега не можел ни да сонува дека ќе може да ги прави. Бионичкото око наречено Argus II, кое го произведе американската компанија "Second Sight" му овозможила на 73-годишниот Рон да ги види белите линии на улиците и да ги сортира чорапите по боја.

Окото користи минијатурна камера и видео процесор сместени на очила за сонце, кои снимените глетки безжично ги пренесува до минијатурен приемник сместен на задната страна на окото.

Приемникот, по пат на тенок кабел ги пренесува податоците до мрежата од електроди во мрежницата до специјализираните клетки кои во нормални услови реагираат на светлост.

Стимулацијата со електроди придонесува за испраќање на пораката преку оптичкиот нерв до мозокот, кој добиените информации ги „склопува" во слика.

Засега овој експериментален уред го користат само 18 пациенти во светот, пред се лица кои останале слепи поради генетски наследени болести на окото, кои се поврзани со дегенерацијата на мрежницата. Научниците се надеваат дека овој пронајдок многу брзо ќе се доусоврши и ќе се најде на пазарот. Така бионичкото око ќе може да се набавува слично како апаратчињата за слушање.

**К.С.А**

# Грижа за здравјето на сите граѓани на Република Македонија

На граѓаните кои досега не беа здравствено осигурани по ниеден основ, а се државјани на Република Македонија, со измена на Законот за здравствено осигурување ќе добијат здравствени услуги предвидени со основниот пакет за здравствено осигурување.

Оваа новина и измена беше најавена од премиерот Никола Груевски и од министерот за здравство Бујар Османи, а се совпадна со иницијативата на СЗПМ, кој се залагаше за здравствено осигурување на неосигурани лица над 64 години кои заради разни причини неможеле да го остварат правото за здравствено осигурување.

Оваа законска измена што треба да стапи во сила од јуни годинава, ќе ги опфати: лицата што не се вработени, а не се евидентирани во Агенцијата за вработување, лицата кои не поседуваат имот или не се корисници на парична помош, лицата постари од 64 години кои не се корисници на пензија, како и оние кои боледуваат од специфични заразни болести, а не се здравствено осигурани. Овој пакет ќе ги опфати бездомниците, како и другите социјално ранливи групи.

Со оваа измена сите граѓани државјани на Република Македонија ќе имаат право да изберат матичен лекар, ќе стекнат право на рецепт, лекување во странство и превентивна здравствена заштита. На овој начин ќе се избегнат компликациите врз здравјето на оваа категорија граѓани, а ќе се намали и оптоворувањето на терцијалните установи.

Секако, ваквите измени се за поздравување.

**К.К.**

# Задоволство од соработка

Општинската организација на Црвен крст остварува извонредна соработка со Здружението на пензионери од Гевгелија, во рамките на неодамна потпишаниот Меморандум за соработка со Црвен крст на Р.Македонија и СЗПМ.

На традиционалната „Недела за старите лица" во просториите на Црвен крст Гевгелија се организираше акцијата за мерење на крвен притисок и пишување на рецепти од страна на лекари активисти од Општа болница. Во оваа акција присуствуваа 63 пензионери кои изразија голема благодарност на Црвен крст посакувајќи акцијата да се спроведува барем два пати во годината. За одбележување е што со препораката на пензионерите од Гевгелија беа посетени две семејства кај што имаше стари и изнемоштени лица и во домашни услови им беше измерен крвниот притисок и им беа дадени потребните рецепти за лекови. Исто така пензионерите учествуваа и во „Денот на гладта" кога беше собрана парична помош, облека и постелнина. Пејачката група на пензионерите деновиве учествуваше на свечана седница по повод „Денот на крводарителството" 17–ти март.

**Т.К.**

# Предности на дигиталните апарати за мерење на крвен притисок

Може ли новата технологија да биде полоша од претходната? Секако дека не! До нов пронајдок се доаѓа проучувајќи ги постоечките со цел сето она што може да се подобри да биде подобрено, ракувањето поедноставно, резултатите поточни. Таков е патот на развојот и на дигиталните апарати за мерење на притисок. Еве ги предностите на овие апарати:

- Постојат дигитални апарати со манжета над лакотот, но и со манжетна за раката над зглобот на дланката
- Постојат два типа на манжетни, за стандарден обим на раката, но и за рака со поголем обим од стандардниот
- На LCD екранот бројките се големи и можат лесно да се очитаат (ова е посебно битно кај постерите луѓе, не мора да ги бараат очилата)
- Покрај бројките за горниот (систолен) и долниот(дијастолен) притисок има бројка и за пулсот (го мерат и пулсот)
- Резултатите се меморираат во самиот апарат, и можете да имате увид во мерењата од цел месец
- Кај некои дигитални апарати постои можност и да се отпечатат резултатите
- Пумпањето не е рачно, воздушната пумпа работи на батерии и со адаптер на 220 V
- Постои индикатор кога треба да се променат батериите
- Апаратот дава информации за некоректно мерење и несоодветно поставување на раката или манжетната
- Не треба да ве вознемирува фактот ако имате проблеми со слухот или да си го качувате притисокот плашејќи се дека нема да слушнете кога ќе се јави првиот




или вториот удар (оваа предност е особено битна за популацијата од трето доба кај која проблеми со слухот имаат над 50% од луѓето)
- Со дигиталниот апарат може да си мери крвен притисок секој сам, не е потребна помош од друго лице (и оваа предност е особено битна за постарите луѓе)

Кога ќе ги земете во предвид сите овие предности на дигиталните апарати за мерење на притисок, излегува дека за секој даден денар за апаратот добивате многу, а притоа мерењата ги вршите во домашен амбиент, без страв од „белиот мантил".

**К. С. Андонова**

Вера БУЖАРОВСКА

# Директоре - среќен ти празник

Крштелното име му беше Софроние, но жена му Надежда си го викаше накусо Софе. Софе веќе трета година не ставуваше рано наутро и не трчаше како потпарен да стигне на време на работа како тоа што го чинеше со години наназад. Но неколку дена пред Нова година, очите ги оџврли уште в зори и се најде пред чешмата да се избричи и да се дотера. Дури ни кафе не седна да испие со Надежда како што тоа го правеа секој ден откако ќе станеа. Заборави и на појадокот. Го отвори долапот во кој ги чуваа новите алишта и како што велеше Надежда, велигденските и го изваде новиот костум. Облече бела кошула што за таа прилика Надежда му ја подготви уште пред некој ден и врза црвена вратоврска околу вратот. Така наконтен застана пред жена си и таа да го одмери да не му недостасува нешто.

Надежда пак, како што си ја беше дал Господ, без периз на устата, го натера да се заврти неколкупати и смеејќи се рече:

– Леле Софе мој, како петел бендер си.

Софе навреден од шеговитата нејзина забелешка ѝ одговори:

– Надуле, ти добро знаеш колку голем ден е овај за мене.

Таа не обрувајќи внимание на неговата забелешка, повторно рече:

– Знам Софе, знам. Ќе појдиш во претпријатието во кое ги остави коските, ќе тропниш на врата кај директорот, ќе влезиш и ќе речеш: Секое ти добро директоре, дојдов да ти го честитам празникот. Дојдов да ти речам од добро да не куртулиш во Новата година.

Софе повторно навреден од своето мило Надуле со кое без број денови ја делеше постелата, рече:

– Надеждо не трескај сешто, туку ако знаеш да ме поднаучиш како да сторам, кажи.

Надежда немаше намера да си го прекине задоволството на сметка на големиот директор повтори:

– Е мое маженце, ако ме пуштеше мене да му честитам Нова година на тој твојот копук, јас би му рекла вака: Директоре, како мене што ме пушти пред време во пензија, така и ти да не ја дочекаш на истиот стол Новата година. Дамла да те чукни и камен да се сториш. И наместо да му речиш од убајни да не куртулиш, јас би му рекла: Оган да те изгори, чума да те собере, утки да ти укаат над глава.

Софе виде дека со Надежда не може да излезе на крај и појде да си го земи зимското палто и паларијата. Кутрото негово палто и паларијата ги имаше купено пред петнаесет години, но Надежда секоја пролет ќе го исчистеше, ќе го натуреше со нафталин да не го гризне некој молец и беше како сега да е купено. Вистина беше малку старомодно, но за вакви свечени прилики вршеше работа. Го облече палтото и застана пред огледалото. Надежда го чукна по рамо и милозливо за да го смири рече:

– Леле Софе ама си ми убав. Како зет за пред олтар. Туку чекај да ја земам фрчата и да ти го позачистам палтото. Кога ќе излегуваш од врата излези со десната нога за да не го најдеш директорот станат на левата.

Софе не обрати внимание на нејзините зборои, застана пред огледалото и си ја накриви паларијата на глава пред што тргна.

Одеше по истиот пат по кој секое утро го минуваше со години и скоро го знаеше секое камче на него. Буричкаше низ спомените и повторно како да го слушаше гласот на директорот : Софроние, јас во тебе имам голема доверба. Ете иде време да ја направиш завршната сметка. Гледај да има израмнување, инаку ќе треба да му го ставиме клучот на врата на претпријатиево. Јас за мене не се плашам, ќе најдам работа, ама ти на тие години никој нема да те прими за книговодител.

Софроние колку пати само правеше прекршоци по наредба на тој ист директор на кого сега требаше да му ја честита Новата година. Се присети на еден момент кога директорот го повика и му рече: Софроние. Слушај ме добро. Потребни ми се ќеш пари. Треба да ја подмачкам работата кај еден наш добар муштерија. Гледај снајди се како да извлечеме пари преку тоа твое книговодство. Покритие немаме, туку ти некако земи од некој градежник една потврда како да е извршена некоја услуга, а за потврдата и него подмачкај го.

Со сите тие тешки мисли одеше Софроние кон својата работна организација и најпосле симнувајќи ја шапката од глава застана пред вратата на директорот. Се сети кога претпријатието беше под ликвидација, па тој лично го донесе директорот, а директорот беше голем махер, па ги извлече од бедата кога земаа само минимален личен доход. Навистина ги извлече, но сите лаги минуваа преку неговото книговодство.

Чукна на вратата и полека ја подотвори. Кај директорот на големата маса имаше остатоци од јадење и недопиени пијалок во чашите. Беше очигледно дека имало голема гозба. Влезе само со едната нога и уште од врата рече:

– Директоре, идам да ти посакам многу убави нешта во годината која доаѓа.

Додека се искачуваше по скалите нагоре неколкупати си ги повтори зборовите што имаше намера да му ги кажи додека ќе го пиеа кафето. Се излажа, зашто не стигна ни да влезе со другата нога во канцеларијата, а тој го пресече, велејќи:

– Е, Софроние, Софроние, колку големо задоволство ми приреди што дојде.

Му рече така и веднаш се најде пред него.

И пред што успеа Софроние да одговори, директорот му ја стави раката на рамото и рече:

– Ете да видиш дека мислам на тебе. Појди сега во книговодството и девојките ќе ти го дадат новогодишниот подарок.

Не му даде ни да здивне и внимателно факајќи му ја дланката за поздрав го испрати до ходникот. Чу како зад него набргу се затвори директорската врата и со болно срце и тешки чекори тргна кон канцеларијата во која по осум саати на ден не си го одлепуваше газот од столот.

Директорот пак, откако ја тресна вратата зад себе, се врати и ја крена слушалката на еден од телефоните. Рече:

– Слушај Горде. Ќе дојде оној стариот книговодител, смотаниот, мамлазот, гледај дај му еден календар и мафни ми го од тука.

Софроние со календарот в раце свиткан во ролна, слегуваше по скалите целиот потурен како со топла вода од навредата. Толку грутки му се наредија во градите, што и покрај тоа што никогаш не плачеше, душата го заболе и очите му се наполнија со солзи. Толку многу очекуваше од оваа средба, а ете како испадна.

Одеше како здробен и си зборуваше самиот со себе:

– Како ќе ѝ кажам сега на Надуле... Што да ѝ речам.

Кога дојде пред зградата, постоја малку колку за да се прибере и чекор по чекор се качуваше бавно по скалите за да го продолжи времето за да не ја открие Надежда работата дека речиси го избркаа како куче. Неколку минути остана со раката на ѕвоното без да го притисне. Најпосле што беше беше, нозете не го држеа и мораше да влезе.

Кога Надежда ја отвори вратата, тој се обиде да развлече насмевка на устата, но и покрај големиот напор со кој го правеше тоа, сепак насмевката му беше болна.

Како од тежок сон да го извлекоа нејзините зборови:

– Е мажуле мое, влегувај и да ми раскажеш сѐ со ред како помина на приемот кај директорот.

– Убаво, многу убаво, но малку повеќе пивнав и заматена ми е главата.

– Си пивнал? – скреште таа. – Како можеше да пивнеш кога знаеш дека не смееш заради чирот.

– Е Надуле, Надуле, не ме карај, зошто не е секој ден Велигден.

– Не можам да верувам. Ти кој таму си го доби чирот од работа и нервоза сега со пиење на истото место да се разболиш.

– Жено, што можев да сторам, имаше убаво мезе и знаеш, покрај мезето се лизга и винцето.

– Слушај Софе, не ме интересира што јаде и што испи, туку кажи ми како те прими директорот и што ти рече.

Не знаеше што да ѝ одговори па за да добие во време, го слече палтото и седна на канабето. велејќи:

– Па ете вака беше Надуле. Влегов кај директорот и кога внатре имаше дојдено гости. На масата од пиле млеко. Тој стана, ме прегрна и со голема радост што дојдов, ме седна на масата со гостите. Слушај Надуле, сега остави ме малку да прилегнам, а потоа ќе ти раскажам сѐ со ред.

Воздивна длабоко и се пикна во леглото. Немаше намера да спие, туку убаво да ја стокми приказната за да не го фати Надежда во лага .



Неодамна од печат излезе најновата книга на пензионерката Вера Бужаровска, „Катострофалниот лет на авиончето.“ Ако се земе бројот на книгите што оваа наша плодна авторка ги има објавено, таа бројка ќе достигне до четириесет дела.

Родена е во Битола, а на литературното поле се појавува уште во далечната 1960 година. Пишува поезија и проза, за возрасни и деца, а по нејзини сценарија снимени се и десетина краткометражни филмови.

Меѓу позначајните романи можат да се набројат: “Братот на министерот”, “Вампир”, “Господе чувај ме од Интерпол”, “Го открив атентаторот”, “Авторот е обвинет за убиство” и др.

ПРОЗА | Од книгата „Трпана” на писателот Васко Поповски (4)

# Авата најголемо богатство

Гостите, навистина беа изненадени од вечерата. Зелникот се дополнуваше со овчо кисело млеко кое гостинот од градот не го имаше пробано. Во таа прилика, задоволен од вечерата и целиот пречек гостинот почна да го изразува своето големо задоволство:

– Навистина, многу е далеку... Ама, и овде како што гледам може да се живее. Разлика има од животот кај нас во градот, ама и овде има некои предности.

– Ајде сега..! Малку ја претера, ама гостин си па не треба да ти фаќаме кусур – дофрли кратко Коле климајќи со главата за да потоа вднаш и директно му се обрати на гостинот:

– Ти ја знаеш и си ја чул онаа: – Село фали во град живи!

– Не ќе е баш така – одговори веднаш гостинот Илија. Овој пат осетно расположен за разговор, бидејќи гајлето за кожите му го пребра домаќинот Исо.

– Овде, за многу работи е подруго – почна тој: – Многу сте поздрави од нас.

– Гледам на децана ваши им пукаат образите. Здрави се како дрен. Не се како нашине жолти како смил. Авата ваша ви е многу голема предност и богатство.

– Така нека биде, ќе повторам уште еднаш. Ама, едно треба да знаеш! Оваа ава бара и тава. Едно без друго не ја бива. Овде тавата ни е помала и попосна. Еден што замина кај вас во градон велеше: – Да живееш таму кај што има повеќе луѓе. Гладен нема да бидеш. Ќе најдеш некоја корка. Не мора да биде многу голема. Овде, не е така. Кога ќе те стегне зимата, ако немаш нешто во амбарот, брзо ќе те снема. И да сака некој да ти помогне, нема со што. Се е мерено. Кај вас во градон се е подруго – уверуваше и натаму Коле.

– И кај вас не е така лошо – позеде Илија веднаш: – Овде кај вас имате нешто друго што во градот го нема. Да речеме богати сте со обичаи, весели со свадбите, па песни и ора секоја недела...

– Речи како да речеш, кај вас во градон е подруго. Имате големи предности. Тука се до вас школите, дуќаните во кои има од пиле млеко. Па докторите и да не кажувам уште што?! Поучени сте од нас, а се разбира и побогати. Од се по нешто се прави, ама од непсимениот ништо. Нема смисла да редам повеќе – мудруваше во негов стил стариот Коле допивајќи ја чашата со чај што стоеше пред него.

– Учењето велиш..! Тоа е навистина така. Ние во градон сме во некоја предност. Па и во богатството, да не




претерам... Има и кај нас сиромаси. И уште како..! Некои немаат и леб доволно. Туку и за тоа треба нешто да се каже. За учењето се рекло дека се стекнува со труд и тоа не се троши. Со богатството е поинаку. Тоа полесно се стекнува, а многу лесно се троши – се искажа и гостинот Илија со намера нешто да му врати на соговорникот Коле.

Исо како домаќин само слушаше. Тој не сакаше да му се меша на Коле, а не помислуваше да го навреди и гостинот.

Занесени во тоа споредување помеѓу животот во градот и тој во селото, на саатот не се погледнуваше. Тоа го насети домаќинот Исо и предложи да се оди на спиење, бидејќи пријателскиот разговор крај нема.

–Ќе ми останеше празно во душава ако не го кажам уште ова – се јави одново гостинот Илија.

–Кажи де, кажи! – го пресретна веднаш мудриот Коле, додавајќи: – Тука сме... Што знаеме, ќе си кажеме.

**Со две вери - без големи разлики**

– Ве гледам, загледувам и одново ќе речам... Навистина ви се чудам ! Вие двајца иако сте од две вери, разлика до сега не видов и не почувствував. Така и треба. Морам да признам, многу ви завидувам – дофрли кратко гостинот Илија пред да се оди на спиење.

Во тој момент, стариот Коле се подзамисли, па брзо и уверливо го насрочи одговорот:

– Ние за верата велиме дека таа ниту се продава, ниту се купува. Таа се стекнува со сакање. Тој што ја сака верата своја, ако е добар и искрен верник, верата на пријателот ја цени и уважува како својата. Тоа, овде кај нас е како божји закон што до сега никој не го прекршил. Кај вас незнам. Овде како што виде, има и црква и џамија. Иделе разни туѓинци и натрапници и си оделе со уверување дека со глава ѕид не се турка. Нашиот ѕид има јаки темели.

По овој исто така подолг разговор што следуваше по вечерата, Коле си замина дома на спиење, а Илија остана на гости кај Исо.

Следниот ден, уште во зората, гостинот со својот домаќин Исо испија по еден чај и потоа се разделија како неразделни пријатели. На разделбата, домаќинот го покани гостинот да наврати пак кога може, а тој кратко одговори:

– Сега е редот на вас. Ова што го видов и слушнав овде ќе го паметам додека сум жив. За овие нецели два дена, многу ме збогативте. Да знаеш, тоа го прават се уште планинциве како вас што незнаат дека градот има свои убавини, ама и некои нешта што многу го нагрдуваат.

По скоро дводневниот престој во Сретеново, во вечерните часови Илија се најде дома кај своите. Бидејќи беа загрижени за неговото доцнење, кога го видоа, сите се израдуваа. Особено се радуваа децата што многу го сакаа.

продолжуваво наредниот број »

## ПОЧИТУВАНИ ПЕНЗИОНЕРИ !

**ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ ВО ДОГОВОР СО СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СО АМСМ**

**ВИ ОВОЗМОЖУВА 20% ПОПУСТ НА ЦЕНАТА ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА ПРИ КУПУВАЊЕ НА НАШАТА ПОЛИСА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД АВТООДГОВОРНОСТ**

**ПОВЕЛЕТЕ ВО СИТЕ ПРОДАЖНИ МЕСТА НА ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ НИЗ РЕПУБЛИКАТА ДА ГО ОСТВАРИТЕ ВАШЕТО ПРАВО**

Еуролинк
Осигурување А Д Скопје

*Скопје тел.: (02) 3289 301; Битола тел.: (047) 242 925 ; Охрид тел.: (046) 255 588 ; Штип тел.: (032) 384 153 ; Гевгелија тел.: (034) 213 474; Струмица тел: (034) 340 629; Квадарци тел: (043) 420 862; Гостивар тел: (042) 221 551; Прилеп тел: (048) 420 071 Кочани тел: (033) 270 083; Куманово тел: (031) 439 560; Тетово (044) 353 270; Неготино тел: (043) 371 535 ;Ресен тел: (047) 455 666; Струга тел: (046) 786 026 Демир Хисар тел: (047) 275 024 Кичево тел: (045) 224 730 Валандово (034) 383 683*









**Раде Дичоски**

## АФОРИЗМИ ЗА ЖЕНАТА

Саканата жена никогаш не старее.
**Горки**

Убавата жена и убавото вино се најпријатни отрови.
**Латинска поговорка**

Секоја жена е актерка. Што помалку се забележува, тоа значи дека е подобра актерка.
**Нушиќ**

Кога очите на жената се замаглени со солзи, мажот ништо не гледа.
**Тумиер**

Ако може да се одбере меѓу ум и убавина, за љубовница треба да се одбере убава, а за сопруга умна.
**Калдерон**

Многу жени би биле подобри сопруги, ако не би настојувале да ги направат своите мажи подобри.
**Марк Тен**

Годините не се важни . Жената може да биде прекрасна во дваесетата, шармантна во четириесетата и неодолива во остатокот од животот.
**Коко Шанел**

Има жени кои никогаш не лажат, но и никогаш не ја кажуваат целата вистина. Тоа се умните жени!
**Јован Дучиќ**

Жената го носи мажот на лицето, а тој неа на својата кошула.
**Анонимус**

Жената од ништо може да направи: фустан, салата и кавга.
**Гитри**

Најсигурен начин да го погодите женското срце е да го нишаните клекнати на колена.
**Херолдс**

**К.С.А**

## КРСТОЗБОР

| пензионер плус | скала | животно со боцки | ресмир | наш артист (фотос) | пијанистот бертончељ | женско име | електрон | никола тесла | англиска мерка за чај | река во шпанија | кирија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| траси | | | | | | | | | | | |
| вид житно растение | | | слика (вас.) доктор (арх) | | | | музички инструмент год.(итал.) | | | | |
| исток | | муз.дело за вежбање покатна заменка | | | | | | [illegible] странско ж.име | | | |
| машко име | | | | | хрв.нафтена индустрија палестин. водач јасер | | | | мерки за [illegible] старогрчки пејачи | | |
| воздухопловство | | | | | | | | | | [illegible] град во франција | |
| шпански голман рикардо | | | | | | | [illegible] иницијали космонаутката терешкова | | | | |
| натриум | | | васил атанасов [illegible] боја | | | машко име првата буква | | | | | |
| австрија | | [illegible] цртичко во текст | | | | | | | | | |
| | [illegible] деветоаголник | | | | | | | | | | |
| жител по текот на вид | | | | | | | | | | | |
| вид овошје | | | | | северен елен | | | | | | |
| пејачот синатра | | | | | | | | | | | |
| алт | | англиска мерка за површина [illegible] | | | | | | | | | |
| горан стефановски | | | [illegible] ж.име [illegible] | | | | | | | | |
| пејачката чинквети | | | | [illegible] | | | | | | | |
| соска | | | | | | | | | | | |
| пријатели на шпанија | | | | | | | | | | | |





## вицеви

Разговараат маж и жена:
– Миличок дали би ме сакал и кога би била далеку од тебе?
– Да, драга, тогаш би те сакал уште повеќе!

Доаѓа пациент кај психијатер на преглед.
Докторот му црта сијалица и го прашува пациентот на што му личи. Пациентот одговара:
– На гола жена.
Потоа докторот му црта јаболко и пак го прашува пациентот на што му личи цртежот.
– На гола жена – одговара пациентот.
Потоа докторот му црта круг и му го поставува истото прашање и добива ист одговор.
– Вие сте опседнати со секс – му вели докторот на пациентот.
– Да, така ти црташ голи жени, а јас сум опседнат со секс – одговорил налутено пациентот.

Доаѓа стар човек на лекар.
– Докторе многу ме боли ногава.
–Од што ме боли?
– Од старост чичко.
– Не ќе да е, и другата ми е стара, а не ме боли.

Го прашува Марко својот другар Кире :
– Што е разликата меѓу снежен човек и снежна жена?
– Снежната жена има плус две снежни топки за мавање – му одговоеил Кире.

Се пофали Трпе на Перо:
– Утепав три женски муви и пет машки!
– Е како занаеше кои се машки, а кои се женски?
– Многу лесно: Трите беа на огледалото, а петте на пивското шише!



**Мирослава Петровска**, член на ИО на СЗПМ

Во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се води посебна грижа за активирање на жените пензионерки на сите полиња на организираното делување. Во речиси сите здруженија на пензионери во нашата земја активно работат активите на жени пензионерки кои организираат заеднички средби, дружења, екскурзии, едукативни предвања од здравството, како и достојно одбележување на Меѓународниот ден на жената – 8–ми март.

Како претседателка на Активот на жените пензионерки при Здружението на пензионерите во Кочани и годинава посетивме стари и изнемоштени активиски, разменивме мисли за нивното здравје и потреби, а ги израдувавме и со скромни подароци. Во матичната библиотека „Искра" со учество на поетеси пензионерки се одржа литературна средба на тема жената мајка и домакинка. Не изостана и традиционалното дружење на над 150 пензионерки, со песна, музика, оро и забава, со рулет игра и други изненадувања.

**Нурие Кадриу**, член на ИО на СЗПМ

Со сиот респект кон историското значење на 8–ми март како светско женско движење, меѓутоа празникот не треба да се банализира.Овој датум треба повеќе да



послужи како потсетник дека човекот е врвна вредност, мерка за се, затоа кон човечкото битие треба да се пристапува со голема љубов и внимание. Општо земено празниците служат за разубавување на животот, со добар збор, искреност и честитки од срце. Сметам дека овој празник е посебно значаен за жените од третата доба, бидејќи тие се чувствуваат некако напуштени и оставени на страна.Оттука за поздравување се сите активности на СЗПМ, како и на здруженијата на пензионерите и нивните активи на жени пензионерки за се поголемата грижа на луѓето од трето доба, за организирање на пензионерски спортски натпревари, на ревии на песни и игри, на разни дружења и екскурзии, кои придонесуваат за надминување на монотонијата на оваа популација. Во тој контекст е и потребата што поголем број пензионерки поактивно да учествуваат во работата на пензионерските здруженија, бидејќи само така ќе го разубавиме нашиот живот.

**Невенка Василевска**, пензионерка од Битола

Многу е значајно пензионерките да бидеме активни, бидејќи на тој начин полесно ни минуваат деновите. Член сум на Извршниот одбор на Сојузот на инвалидите на



трудот и корисници на инвалидска пензија и во чест на денот на жената 8–ми март традиционално организираме заедничка средба. Минатата година во Гевгелија и годинава во Струмица учествуваа пензионерки од повеќе градови. Предходно за христијанскиот празник Водици, како заштитник на инвалидите, во Битола организиравме дружење со забава, претставувајќи се со соленки и блага, при што беа собрани средства за хуманитарна помош за оперативни зафати. Активот на жени инвалидски пензионерки над една деценија организира достојно одбележување на 3 декември – Меѓународниот ден на лица со инвалидност, а секоја есен се одржуваат и спортски пензионерски инвалидски игри. Над две децении сум членка на битолската пензионерска пејачка група „Сирма Војвода", а остваруваме добра соработка и со здруженијата на старосните пензионери и нивните Активи на жени пензионерки.

**Марија Ѓеорѓиева**, претседателка на Активот на жени пензионерки на ЗП Велес

Во природа на жените е да се борат и да се изборат за своите права. Во Активот на жените пензионерки во Велес се создаваат услови за ангажирање на што поголем број членки, за присуство на трибини и разни едукативни предавања од здравствена проблематика и учество на самостојни хуманитарни акции и во соработка со Црвениот крст и други невладини



организации и асоцијации. Традиционално секоја прва среда во месецот се одржува средба со жените пензионерки и тоа е една од најпосакуваните активности.Учествуваме и на сите манифестации од опш карактер, а посебен интерес постои за екскурзии, спортски и културно–забавни дејности и слично.

Традиционално соработувме со повеќе активи на жени пензионерки од нашата земја и 14 години кај Велешкото Езеро успешно ја организираме хуманитарната манифестација „Блакцата на баба". Кај пензионерките интерес владее и за подобро информирање. За поздравување е емисијата „Трето доба" на МТВ, а особено бесплатниот весник за сегашни и идни пензионери „Пензионер плус" што го издава Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

**Мирјана Дамческа**, пензионерка од Прилеп

Секцијата на жени пензионерки при Здружението на пензионерите во градот под Марковите кули организира повеќе активности, трибини, предавања од здравствен карактер, хуманитарни акции, литературни средби, екскурзии и друго.Соработката со повеќе активи на жени пензионерки се користи не само за дружења, туку и за размена на искуства. Во Здруже-



нието активно работат и две културно–уметнички друштва „Пензионер" и „Пенка Котеска" во кои главно членуваат пензионерки, а презентирањето на староградски и изворни песни и ора значи и придонес во негувањето на фолклорните традиции. И не само тоа. Песната зближува, а дружењето го подобрува квалитетот на живеењето во третото доба.

**Даница Јовановска Анушевска**, пензионерка од Битола

Како просветен работник во 1986 година се пензионирав и набргу потоа за да ја надминам монотонијата и да ја продолжам семејната пејачка традиција, се зачленив во пензионерската група „Сирма Војвода". Успешните концерти на оваа пејачка група во Битола и на гостувањата ме препородија. Посебно соработуваме со пејачките групи од Гевгелија, Валандово, Богданци, Неготино, Кавадарци и Прилеп и секоја година во чест на 4



ноември Денот на ослободувањето на Битола сме домакини на заедничкиот концерт „Пензионерите пејат". Делуваме самостојно, со сопствени средства набавуваме и староградски носии, бидејќи Здружението на старосни и семејни пензионери од Битола не е заинтересирано за културни самодејности на членството. Чудно, но вистинито.

Поради тоа што достоинствено и квалитетно го афирмираме староградскиот мелос на конзулскиот град Битола сметаме дека грижата за пејачката група „Сирма Војвода" треба исцело да ја преземат Здружението на пензионерите и локалната самоуправа.

**Ружа Балеска**, претседателка на Активот на жени пензионерки при ЗП Охрид

Меѓународниот ден на жената 8 март секоја година го одбележуваме со повеќе пригодни манифеста-



ции. Годинава одбележувањето на празникот беше збогатен со музичко поетска програма во која со песни посветени на мајката настапија децата од Детската градинка „Јасна Ристеска" кои на жените пензионерки им врачија и осмомартовски честитки во сопствена изработка. Во музичкиот дел настапија и ученици од Музичкото училиште „Методи Патче", а со лични творби се претставија наши пензионерки – поетеси. Во чест на празникот Активот за прв пат додели признание на Ана Ангелеска како најстара и најактивна пензионерка во здружението.

Значајна е и активноста на пејачката група „Распејани охриѓанки", а дружењето со пензионерките од сите краеви на нашата земја останува драги и незаборавни спомени.

**Цвета Малинкова**, претседателка на Активот на жени пензионерки при ЗП Кавадарци

Осми март е голем празник на жените и традиционално го одбележуваме како ден на рамноправ-



носта. И годинава ги посетивме спомен обележјата и гробовите на жените паднати борци во Народно ослободителната војна, положивме свежо цвеќе и организиравме предавања како потсетување за нивната борба и пожртвуваноста за слобода на Македонија.

Секогаш празникот минува и во организирање на хуманитарни акции, во собирање храна и облека за штитениците на Домот во Демир Капија. Не изостануваат и посети на стари и осамени пензионерки и пензионери.

Во соработка со училиштата во општината во чест на Осми март беше распишан и традиционалниот конкурс на тема „Дедо и баба".

Активности организираме во текот на целата година при што остваруваме конструктивна соработка со Активи на жени пензионерки од повеќе здруженија во нашата земја, се одржуваат заеднички средби, концерти, спортски натпревари и дружења.



Дружење за незаборав